САМИТОТ НА НАТО ВО МАДРИД | 10 НАЈВЛИЈАТЕЛНИ ПИШТОЛИ | „PARS III“ | ОД НЕБО ВО ВОДА

# ШТИТ

Број 154
Август 2022
ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## 30 години Армија Република Северна Македонија

## БЕЗБЕДНОСТ · СТАБИЛНОСТ ДОВЕРБА

Разговор со проф. д-р Трајан Гоцевски, автор на монографијата „30 години македонска армија“









# Самитот на НА
# Безбедноста на регионот е геопол

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, како член на високата државна делегација која ја предводеше претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, учествуваше на Самитот на НАТО кој се одржа во Мадрид, Кралството Шпанија. На Самит на НАТО во Мадрид главна тема за дискусија беше усвојувањето на новиот Стратешки концепт на НАТО како патоказ во наредните десетина години, базирајќи се на новата безбедносна реалност, со цел приспособување на промените во светот и зачувување на мирот и безбедноста. На Самитот се дискутираше и за зајакнување на капацитетите за одвраќањето и одбраната, за апликациите на Шведска и на Финска, за идната поддршка на Украина, за безбедносните прашања на денешницата и за останати важни прашања со кои се соочува Алијансата. Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во рамки на Самитот на НАТО во Мадрид беше дел од панел-дискусијата: „Придонесот на НАТО за безбедноста и стабилноста во неговото соседството“ и на оваа тема дебатираше заедно со министрите за одбрана на Португалија и Бугарија, Хелена Кареирас и Драгомир Заков и Претседавачот на Воениот комитет на НАТО, адмирал Роб Бауер. Министерката Петровска во своето обраќање нагласи дека овој самит на НАТО е одлична можност да се испрати порака за единство на демократските земји во одбрана на демократијата и нејзините вредности и да се брани меѓународниот поредок врз основа на правила. За време на панелот министерката Петровска дискутираше за зајакнувањето на долгорочното одвраќање и одбрана на НАТО, а во ера на стратешки натпревар, истакна дека партнерството на НАТО и ЕУ е од суштинско значење за безбедноста и просперитетот на Евроатлантската област, при што политичкиот дијалог меѓу двете организации









# ТО во Мадрид
# итички императив на Алијансата

останува од суштинско значење за продлабочување на оваа соработка. Осврнувајќи се на значењето на регионот на Западен Балкан, Петровска потенцираше дека овој регион е важен дел за европската безбедносна архитектура, како и дека на стабилноста не смее да се гледа како на еднаш засекогаш воспоставен факт. Петровска додаде дека земјите од Западен Балкан се соочуваат со сè поголемите надворешни влијанија, како што се хибридните закани, сајбер-нападите, информациските манипулативни кампањи кои придонесуваат за подгревање на национализмот. „Западен Балкан е многу важен дел за европската безбедност и затоа е потребно НАТО, заедно со ЕУ и со останатите партнери, да продолжи на патот кон зајакнување на одбранбените системи, да ги вложиме сите напори за забрзување на реформите и да се изнајдат иновативни решенија за надминување на отворените прашања за целосна евроатлантска интеграција на регионот. Сега, повеќе од кога било, на евроатлантската и на ЕУ интеграцијата на регионот треба да се гледа како на алатка за подобрување на безбедноста, а со самата интеграција директно ќе се придонесе и кон спречување на надворешни хибридни влијанија“, потенцираше министерката Петровска. Министерката Петровска додаде дека Република Северна Македонија, иако од пред две години е членка на Алијансата, од самиот почеток на мисијата КФОР активно придонесува за одржување на мирот и стабилноста во Косово, но и во Босна и Херцеговина, затоа што стабилноста на регионот е основен предуслов за развој. На крајот, министерката Петровска рече дека овие дискусии ќе дадат силен придонес за изнаоѓање соодветни механизми во справувањето со современите закани и предизвици, но и дека истите ќе придонесат за соодветна и брза адаптација на Алијансата за следната декада.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Рецепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит







14 Малите држави и НАТО Алијансата

20 Зајакнување на ракетната одбрана во Централна и во Источна Европа (Прв дел)

# содржина

ШТИТ ▌година XIV ▌ број 154 ▌ август 2022

Инфо........ 6

Јубилеи
**30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армијата**........ 8

НАТО центри
**Центри за извонредност во НАТО Центарот за воена медицина**........ 18

Мисии
**Под знамето на ОН**........ 22

Глобал
**Експанзија на терористичката група „Сојузни демократски сили“ – АДФ во Источна Африка**.. 26

Воена едукација
**Свечено завршување на курсот за постари подофицери**........ 28

Вооружување
**Самоодна хаубица „CAESAR“ 6x6**........ 32

Вооружување
**Германски млазни авиони од Втората светска војна (3)**........ 34

Вооружување
**Осетливост на експлозивните материи на надворешни импулси** 42

Низ воената историја
**Приказна за воениот брод „Бизмарк“ или воениот „Титаник“** 50

Филм
**„Топ ган: Маверик“**........ 56

**Дебарското Езеро – природен пејзаж со просирно синило**........ 58





36 „PARS III“ 6x6 – оклопно борбено возило на тркала

39 10 највлијателни пиштоли и револвери на сите времиња

ПИШУВА:

**д-р Жанет**
**РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# Во пресрет на големиот јубилеј

*Оваа 2022 година е јубилејна година за Армијата на Република Северна Македонија. Оваа година, на 18 Август – Денот на Армијата на Република Северна Македонија, со гордост ќе прославиме 30 години од формирањето на нашата армија. Активностите по повод одбележувањето на големиот јубилеј се одвиваа во текот на целата година, а кулминацијата ќе биде на 18 Август со големото прославување и чествување на денот кога пред триесет години за прв пат во независна и самостојна држава се одржа свечена церемонија и се чествуваше 18 Август како Ден на Армијата.*

*Од 1992 година до денес се случија многу настани поврзани со формирањето, растот и развојот на нашата армија. Ние, како медиум на Министерството за одбрана и Армијата на Република Сверна Македонија, со гордост можеме да кажеме дека бевме сведоци речиси на сите најважни збиднувања поврзани со Армијата и Министерството за одбрана во текот на изминатите триесет години. Нашата архива е еден вид историско сведоштво за сите настани, промени, трансформации, активности, вежби, обуки, учества во мисии, цивилно-воена соработка и по некоја интересна војничка сторија, интервју и разговор со високи претставници и лидери од Армијата и од Министерството за одбрана. Заедно со Армијата се менувавме и се унапредувавме и ние како официјален медиум на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.*

*Во овој број на магазинот „Штит“, во пресрет на големиот јубилеј и големата централна свеченост и прослова на која, секако, ќе проговорат највисоките претставници на државниот и армискиот врв, сакаме уште еднаш да ставиме акцент на историскиот аспект на формирањето, развојот и улогата на Армијата на Република Северна Македонија во рамките на националниот систем за безбедност и одбрана на државата.*

*Токму затоа, во фокусот на овој број како најзначајни прилози ги издвојуваме интервјуто со професор д-р Трајан Гоцевски и текстот на генерал-мајор Павле Арсоски, доктор по историски науки. Повод за разговорот со професорот Трајан Гоцевски беше неодамнешната промоција на неговата монографија „30 години македонска армија“, во која тој како експерт од одбраната и директен учесник на настаните поврзани со формирањето на Армијата нè потсетува на најзначајните аспекти од формирањето на Армијата до денес, со процени и прогнози за натамошниот развој на нашата армија.*

*Фељтонот „30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија – од идеја до изградба на систем на национална одбрана“, кој веќе во неколку продолженија го пишува генералот Павле Арсоски, ни дава несекојдневна можност хронолошки и во детали да се потсетиме на многубројните случувања и настани во текот на сите изминати 30 години од формирањето на Армијата.*

*Им благодариме за соработката на професор д-р Трајан Гоцевски и на генералот Павле Арсоски, што со своите видувања и елаборација ни овозможија во нашата архива да додаме уште неколку непроценливи сведоштва за формирањето, растот и развојот на нашата армија, Армијата на Република Северена Македонија, која денес гордо и рамноправно придонесува во зачувувањето на мирот и во нашата држава и во рамките на колективното членство во НАТО.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Ефективната стратешка комуникација е клучна во борбата со хибридните закани

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во рамките на Самитот на НАТО во Мадрид учествуваше на работната вечера на министрите за одбрана на НАТО на која се дискутираше на темата „Влијанието на хибридните закани во Западен Балкан". Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во дискусијата со останатите министри за одбрана, потенцираше дека ефективната стратешка комуникација е клучна во борбата против ваквите закани и безбедносни ризици, како и дека надминувањето на ваквите предизвици се еден од приоритетите на НАТО и дел од дискусиите на Самитот.



„Она што нам ни е потребно е зголемување на ефикасноста и на квалитетот на нашите институции преку професионализација на кадрите. Исто така, ни треба образование кое ќе ги оспособува граѓаните за критичко размислување. Отпорноста и моќта на институциите и на граѓаните е клучно во борбата против хибридните закани за функционирањето на едно општество кое ќе се базира на доверба, а не на раздор", истакна министерката Петровска. Министерката Петровска се наврати на успехот на политиката на „отворени врати на Алијансата“ и нагласи дека тој успех треба да се повтори и со проширувањето на Европската Унија со земјите од Западен Балкан, така што ќе се зацврсти безбедноста и ќе се овозможи поголем просперитет, а во спротивно, отсуството на кредибилна европска перспектива може да има повеќекратни негативни тенденции на овие простори.

# НАТО поддршка за капацитетите на армиската единица за пилотска обука

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, оствари средба со тим на Единицата за соработка на меѓународните капацитети во НАТО Одделот за инвестиции во одбраната, предводена од Јоаким Хофбауер, на која стана збор за капацитетите на Центарот за обука на пилоти, кој е дел од структурата на Армијата како Сквадрон за обука и тренажа. Посетата на претставниците на НАТО следи по средбата на министерката Петровска со помошникот-генерален секретар на НАТО за инвестиции во одбраната, Камил Гранд, кон средината на минатиот месец. „Северна Македонија е една од сојузничките земји која ја лансираше иницијативата за создавање на НАТО структура за летачка обука во Европа, што јасно покажува дека ние сме посветени со своите капацитети да дадеме придонес кон развојот на



колективната одбрана и безбедност“, рече министерката Петровска на состанокот. Петровска посочи дека станува збор за центар кој веќе има видливи и значајни резултати и дека Министерството е посветено на унапредувањето на неговите капацитети кои ќе имаат важна улога во зголемувањето на можностите за тренинг и обука на пилоти во Европа. Хофбауер се заблагодари на одличната соработка при средбите во Северна Македонија и подвлече дека е импресиониран од капацитетите за обука на пилоти кои во голема мера ќе помогнат во тренингот на идните НАТО пилоти во Европа.

# НАТО акцелераторот за одбранбени иновации

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, оствари работна средба со вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи, на која главниот фокус беше ставен на подготовките за воспоставување на национална структура поврзана со НАТО акцелераторот за одбранбени иновации наречен ДИАНА, со што ќе се овозможи посилен и побрз развој на нови и напредни технологии на полето на одбраната. ДИАНА, всушност, претставува акцелератор за воведување на нови и напредни технологии на полињата каде што се детектираните предизвици, а крајната цел е Алијансата и земјите членки да бидат технолошки напредни и да имаат високо ниво на технолошки развој за да можат да ги пресретнат сите нови безбедносни предизвици. На работната средба на која беше презентиран Предлог-концептот за формирање на национална структура во оваа област, министерката Петровска посочи дека Алијансата отсекогаш била посветена на развојот на новите и најнапредни технологии и дека Северна Македонија преку оваа значајна иницијатива ќе има можност да организира и да развива научноистражувачка работа од која корист ќе има и државата и сите останати сојузници. Министерството, коешто во согласност со законските надлежности е и носител на активностите, го изработи предлог-концептот, а до крајот на годинава ќе назначи и свој член во Одборот на директори на акцелераторот за одбранбени иновации ДИАНА.



# Свечено затворање на „Летниот кампус 2022“

Министерка за одбрана, Славјанка Петровска, присуствуваше на церемонијата на свеченото затворање и на завршната вежба на меѓународниот „Летен кампус 2022“, којшто се реализираше на армискиот полигон „Криволак“ и во Центарот за обука „Пепелиште“. „Летниот кампус“, кој се реализира по единаесетти пат, е во организација на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“. Оваа година учествуваа 90 студенти и питомци од 16 партнерски и пријателски земји. „Летниот кампус“, како проект на Воената академија, демонстрира силна посветеност во процесот на градење капацитети кои ќе се справуваат со новите безбедносни процеси и е одличен пример за меѓународна соработка и партнерство меѓу земјите во регионот и пошироко, земји кои се долгогодишни партнери, посветени на создавањето идни офицери, способни да работат во мултинационална и мултикултурна средина. Министерката Петровска ги поздрави учесниците и посочи дека благодарение на овој кампус, питомци и студенти од 16 земји беа обучувани од професори и предавачи од македонската Воена академија, но и од професори од Хрватска, Словенија и Унгарија, при што тие покажаа дека знаат како да демонстрираат заедништво, истовремено запознавајќи се со различни култури и националности.



„Од она што го видов сега на оваа вежба, можам да кажам дека направивте одлична работа. Навистина сте посветени на она што го работите и навистина е добро што сме свесни дека имаме иднина сите заедно“, рече министерката Петровска. Таа додаде дека само заеднички можеме да се спротивставиме и да ги надминеме предизвиците. Воедно, министерката упати и честитки до Воената академија за успешно реализираната активност. „Сите заедно, од 16 различни земји, НАТО сојузници, земји партнери на НАТО, кои заедно вежбаат, го споделуваат своето искуство, своето знаење и, најмногу од сѐ, создаваат нови пријателства и заедничка иднина. Ова покажува дека инвестирањето во вас е инвестирање во нашата иднина. Уште еднаш, ви честитам на сите вас, на вашите тимови и на вашите инструктори и ви посакувам сѐ најдобро“, истакна министерката Петровска. На овогодинешниот „Летен кампус“ учествуваат питомци и студенти од: Албанија, Австрија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Хрватска, Италија, Косово, Латвија, Црна Гора, Норвешка, Полска, Романија, Соединетите Американски Држави, Унгарија и од Република Северна Македонија. За време на двонеделната обука беа реализирани: практична обука за односи со јавноста, медицинска обука, борба во урбана средина, обука за импровизирани експлозивни направи, поставување на кордон, претрес и справување со толпа, кои беа дел од симулираните мултинационални операции во поддршка на мирот во фаза на стабилизација, реконструкција и градење мир.

# Промовирани нови 29 поручници во редовите на Армијата

Во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ со пригодна свеченост беа промовирани новите 29 (дваесет и девет) поручници во служба на Армијата на Република Северна Македонија кои поминаа шестмесечен курс за стручно оспособување. На свеченоста присуствуваше и се обрати заменикот-министер за одбрана, Башким Хасани, кој упати честитки до новите офицери. „Поминавте интензивна шестмесечна обука која за прв пат беше спроведена во согласност со НАТО стандардите. Поминавте низ еден процес на тренинг, спроведен во две фази од професори и предавачи на Академијата, кои опфаќаат општа воена и специјалистичка обука и постигнавте високи оцени. Одговорноста пред вас е голема, бидејќи сте дел од најважниот столб на татковината, столбот на државноста и суверeноста“, истакна Хасани. Хасани, во своето обраќање потенцираше дека новите офицери – 12 жени и 17 мажи стануваат дел од најреспектабилната институција и дека очекува од нив со голема мотивација да го следат чекорот на нивните колеги. Тој упати благодарност и до сите професори, предавачи и останати вработени на Воената академија, за трудот и посветеноста да произведат кадар за почит. „Ние не сме најголемите во НАТО, ниту воено најсилни. Но, заедно со вас, заедно со целата армиска и одбранбена структура, може да бидеме побрзи и поамбициозни. Само преку инвестиции и силно вложување во човечкиот капитал, нашата армија има одржливи и долгорочни перспективи за развој“, рече заменикот-министер Хасани На крајот од своето обраќање тој упати порака до сите идни и сегашни студенти, дека Армијата има потреба од млади и квалификувани лица и дека со предлог-измените на Законот за служба во Армијата, ќе се стипендираат студенти од прв циклус на студии за критичните специјалности за потребите на нашата армија. Стипендијата ќе биде во висина до 80 % од просечната месечна нето-плата во државата, во зависност од студиската година која ќе се стипендира, а по завршување на студиите, стипендистите ќе бидат примени на работа во Армијата.



**Во годинава кога одбележуваме 30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија, достојно е да се потсетиме на почетоците, на никулците на македонскиот одбранбен систем. Всушност, осамостојувањето на Република Македонија (РМ) во 1991 година не ќе беше целосно завршено, доколку македонското државно раководство не направи одлучни чекори во насока на градење одбранбен систем за заштита на суверенитетот и интегритетот на територијата и населението со сопствени вооружени сили. Оттаму, изградбата на системот на национална одбрана на РМ и формирањето на македонски вооружени сили во ликот на Армијата на Република Македонија (АРМ) во 1992 година, како еден од најважните атрибути на државноста, претставуваше заокружување на процесот на осамостојување на државата. Изминатите три децении од формирањето на АРМ од историски аспект во светлото на триесетгодишниот јубилеј од нејзиното формирање и градењето на независен македонски одбранбен систем, заслужуваат особено внимание.**

**Првичните напори на РМ беа самостојно да го гради сопствениот систем за одбрана и одбранбена стратегија, а АРМ да се доградува, опремува и обучува за да може да одговори на сите видови на закани и загрозувања на безбедноста и територијалниот интегритет на државата. Во овој и наредните изданија на магазинот „Штит", ќе се потсетиме на сложеноста, динамичноста и на специфичноста на условите во кои се поставуваа темелите на македонската одбрана и Армија, на нејзиниот развој и на изградбата на одбранбено-безбедносниот систем на РМ, на нејзината улога во конфликтот во 2001 година, како и на нејзиниот огромен придонес во напорите за процесот на евроатлантски интеграции.**



# 30-годишен јубилеј од формирањето

## Од идеја до изградба на систе

### Улогата на мисиите на меѓународната заедница во процесот на одржување на мирот во РМ

**Меѓународната група за поранешна Југославија – МКПЈ**

Еден од првите меѓународни актери кои пристигнаа во државата по нејзиното осамостојување беше Работната група за етнички и национални заедници и малцинства на МКПЈ, со мандат на генералниот секретар на ОН, Бутрос Бутрос Гали, и под водство на германскиот дипломат Герт Аренс. Работната група го започна својот ангажман во октомври 1991 г. и сметајќи дека главна закана за мирот и стабилноста во РМ се меѓуетничките односи, групата имаше улога на медијатор и се потпираше на честите посети и „шатл дипломатијата". Групата престана со работа во јануари 1996 г. со оцена дека имаа одреден успех во неутрализирањето, односно задоволувањето на дел од барањата на етничките малцински заедници во државата, како и позитивно влијание на мирот и стабилноста во РМ.

**Организацијата за безбедност и соработка во Европа – ОБСЕ**

Паралелно со ангажманот на МКПЈ, во септември 1992 г., по формалното одобрување од страна на македонските авторитети, започна со работа набљудувачката мисија на ОБСЕ („Spillover Monitor Mission"). Оваа мисија претставуваше прво значајно и видливо меѓународно присуство од осамостојувањето на државата, а САД го обезбедија шефот на мисијата, американскиот дипломат Роберт Фровик, како и потребната логистичка поддршка. Мандатот на мисијата беше „да се набљудува развојот на настаните долж границата меѓу РМ и Југославија и другите подрачја на земјата домаќин кои можат да бидат погодени од прелевањето на конфликтот во поранешната Југославија". Во Мисијата беше упатена да соработува со другите меѓународни институции присутни во државата, Работната група на МКПЈ, Високиот комесар на ОН за бегалци и други тела, вклучувајќи го и УНПРОФОР (United Nations Protection Force-UNPROFOR).

**Од успешно превентивно ангажирање до постконфликтно градење на мирот – ОН**

Кога во 1992 г. РМ упати барање до Советот за безбедност на ООН за испраќање на првата превентивна мисија во нашата земја, не можеше да се претпостави дека тоа е почеток на еден долгогодишен ангажман на меѓународната заедница во државата.



# на македонската одбрана и Армијата
# ем на национална одбрана (6)

ОН за прв пат во нејзината историја спроведе мисија на превентивната дипломатија во вид на превентивни сили ангажирани во нашата држава. Состојбата во државата во тоа време од страна на меѓународната заедница беше оценувана како потенцијано експлозивна и затоа за релативно кусо време по усвојувањето на Резолуцијата 795 на СБ на ОН, на 11 декември 1992 г., беа испратени меѓународни воени мировни сили. Поради организациски причини, а со намера брзо да се делува, ОН одлучија новата превентивна мировна мисија за РМ, да ги користи организациските и материјални ресурси на веќепостоечката мировна операција во регионот.Тоа што на почетокот претставуваше релативно успешно превентивно ангажирање на силите на ОН, подоцна премина во ангажман за постконфликтно градење на мирот, на речиси сите актери на меѓународната сцена, во обид да се стави крај на повеќемесечниот вооружен судир кој избувна во РМ во февруари 2001 г.



*Припадник на мисијата УНПРЕДЕП го набљудува просторот на македонската државна граница кон Сојузна Република Југославија (Косово)*

Оваа нова мировна мисија на почетокот делуваше во рамките на командата на УНПРОФОР, којшто беше надлежен за поранешна Југославија. На 31 март 1995 г., СБ на ОН донесе одлука за реструктуирање на УНПРОФОР, заменувајќи го со три одделни, но меѓусебно поврзани мировни мисии. На 1 февруари 1996 г., по завршувањето на мандатите на УНКРО и на УНПРОФОР, УНПРЕДЕП стана независна мисија во РМ, известувајќи директно до седиштето на ОН во Њујорк. Основни задачи на мисијата беа набљудување на македонската граница со Југославија и Албанија, одвраќање на заканите по безбедноста на РМ, јакнење на стабилноста на државата и соработка со останатите меѓународни агенции во обезбедувањето на хуманитарната помош и воспоставување дијалог и помирување меѓу етничките заедници и политичките субјекти во земјата.
Во однос на бројот и составот на мировниците, кој изнесуваше не повеќе од 1000 војници, оваа мисија повеќе пати доживуваше промени, во зависност од состојбите во соседството и односот на силите и интересите на земјите постојани членки на СБ на ОН. Присуството на баталјон на армијата на САД во составот на мисијата беше значаен фактор кој придонесе за успехот на мисијата. Имено, за прв пат во историјата на САД нивните воени сили зедоа учество во една мисија на ОН, и тоа беше јасен сигнал дека САД имаат свој силен политички и воен интерес во Р.Македонија и во регионот.
Воспоставувањето на дипломатски односи на РМ со Р. Кина – Тајван, на 27 јануари 1999 г., предизвика прекинување на дипломатските односи на НР Кина со РМ на 9 февруари 1999 г. Следствено на тоа, на барањето на генералниот секретар на ОН да се продолжи мандатот на мисијата УПРЕДЕП, НР Кина стави вето и мисијата беше прекината на 25 февруари 1999 г. За крајните ефекти на оваа мисија постојат многу позитивни оцени и од домашните и од меѓународни експерти.

**Мисии на НАТО**

По интервенцијата на НАТО против СР Југославија во 1999 г. и потпишувањето на Кумановскиот договор, РМ беше кооперативен партнер, ставајќи ја својата територија на располагање на НАТО за распоредување на копнените сили на Алијансата на Косово. Дополнително на тоа, дел од мисијата КФОР (Kosovo Forces – KFOR), особено нејзината логистика, беше стационирана во северните делови на РМ. Впечаток е дека НАТО потполно концентриран на состојбите на Косово, посветуваше недоволно внимание на ефектите кои безбедносните предизвици и неразрешениот статус на Косово го



*Потпишување на Рамковниот договор во Охрид*

имаше на безбедноста на РМ.

По избувнувањето на оружениот конфликт во РМ на почетокот на 2001 г., Владата упати барање до СБ на ОН за воспоставување на „тампон зона“ на границата меѓу Косово и РМ. На 7 март 2001 г., СБ на ОН за ситуацијата во РМ, издаде изјава во која „се поддржуваат македонските власти да одговорат на насилството со соодветно ниво на воздржаност“, а предлогот за тампон-зона е протолкуван како „максималистичко“ барање. Како што конфликтот се разгоруваше, степенот на ангажирање на регионалните безбедносни организации – НАТО, ОБСЕ и ЕУ, главно се фокусираше на кризниот менаџмент и на спречување на ширење на конфликтот. Барањето на македонската влада за „тампон зона“ помеѓу РМ и Косово беше презентирано и во седиштето на НАТО. На 8 март 2001 г., Северноатлантскиот совет одлучи да преземе мерки за заштита на македонската граница, но и да го одбие барањето за формирање на „тампон зона“. Мерките на НАТО се однесуваа на засилено патролирање на војниците на КФОР од косовската страна на границата.

По сите барања и притисоци за интервенција од страна на македонските авторитети, НАТО се согласи да испрати војници во РМ, но само за извршување на операција за разоружување и под услов политичкиот дијалог да даде резултати. Одреден беше и специјален пратеник на НАТО во Македонија, американскиот дипломат Питер Фејт, кој посредуваше во прекинот на огнот. На 14 јуни 2001 г. НАТО прими писмо од претседателот Борис Трајковски, со кое официјално е побарана помош и асистенција од НАТО, а во рок од една недела Алијансата донесе нацрт-план за собирање на оружјето екстремистите.

По потпишувањето на Рамковниот договор на 14 август 2001 г. во Охрид, во РМ пристигна претходницата на НАТО од составот на британската армија, а ден подоцна, Северноатлантскиот совет на НАТО донесе формална одлука за започнување на операцијата „Суштинска жетва“ (“Essential Harvest”) за разоружување на екстремистите во државата. Истовремено, македонската Влада донесе одлука за одобрување за распоредување на силите на НАТО во државата, а беше потпишан и Договор со НАТО за статусот и мандатот на силите на НАТО (Status of Forces Agreement-SOFA). Според Договорот, ангажирањето на силите на НАТО требаше да биде ограничена операција за собирање и уништување на оружјето и муницијата од вооружените групи на етничките албански екстремисти. Целата операција траеше 60 дена, од кои 30 дена се собираше и се уништуваше оружје, а по 15 дена траеја подготовките за распоредување и заминување на силите. Краткотрајната мисија на НАТО во РМ за собирање и уништување на оружје и муниција од албанските екстремисти беше со најслаб мандат од сите меѓународни мандати во регионот во првите две децении од осамостојувањето. На 26 септември 2001 г., мисијата на НАТО „Суштинска жетва“ официјално заврши. Истиот ден, Северноатлантскиот совет на НАТО издаде извршна директива за нова мисија на Алијансата под име „Килибарна лисица“ („Amber Fox“). Мисијата беше раководена од Германија, со учество на други држави на НАТО, со ограничен мандант од три месеци и можност за нејзиното продолжување, во зависност од ситуацијата во земјата. Задача на мисијата беше заштита на цивилните набљудувачи на ОБСЕ и на ЕУ, одржување на мирот и градење мерки на доверба. Всушност, главна задача на мониторите беше да го надгледуваат спроведувањето на Рамковниот договор. На барање на македонските власти, мандатот на мисијата „Килибарна лисица“ беше продолжуван повеќе пати.

По стабилизирањето на безбедносната состојба, на 15 декември 2002 г. мисијата „Килибарна лисица“ беше заменета со нова наречена „Сојузничка хармонија“ („Allied Harmony“), која се состоеше од два елементи. Оперативниот елемент обезбедуваше поддршка на меѓународните монитори на ОБСЕ и ЕУ на теренот, а советодавниот елемент требаше да им помага на македонските власти во воспоставувањето на безбедносен режим во подрачјата погодени од конфликтот.

По објавата на Декларација за Европска безбедносна и одбранбена политика од страна на ЕУ и постигнувањето соласност помеѓу ЕУ и НАТО за користење на капацитетите на НАТО, ЕУ презеде чекори за преземање на воениот дел од мисијата „Сојузничка хармонија“ во РМ. На 31 март 2003 г. ЕУ официјално го презема воениот дел од мисијата од НАТО, со што започна мировната мисијата „Конкордија“ (Concordia), предводена од силите на ЕУ за период од шест месеци. Во декември 2003 г., мисијата „Конкордија“ заврши. ЕУ го продолжи присуството во РМ со полициската мисија „Проксима“, за да ѝ помогне на македонската полиција во усвојувањето на европските стандарди. Мисијата „Проксима“ функционираше во РМ до ноември 2005 г., кога премина во советодавен полициски тим на ЕУ.

д-р Павле Арсоски, генерал-мајор



*Припадници на НАТО за време на операцијата „Килибарна лисица“*

АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРИЕСЕТ ГОДИНИ



# Разговор со
# проф. д-р Трајан Гоцевски,
## Автор на монографијата „30 години македонска армија“

Во рамките на одбележувањето на 30-годишнината од формирањето на Армијата се одржаа повеќе настани по повод јубилејот. На Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ се одржа научна дебата во чиишто рамки од страна на началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, беше промовирана монографијата „30 години македонска армија“ од проф. д-р Трајан Гоцевски. На настанот присуствуваа министерката за одбрана, Славјанка Петровска, началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, деканите на Воената академија, на Филозофскиот факултет, на Факултетот за безбедност, раководителката на Институтот за безбедност, одбрана и мир, професори и генерали на Армијата. Промоцијата на ова најново дело на проф. д-р Трајан Гоцевски нè поттикна да поразговараме со авторот за значењето на оваа монографија во контекст на одбележувањето на големиот јубилеј – 30 години од формирањето на Армијата на Република Северна Македонија

Со професорот Трајан Гоцевски сме разговарале и порано, од аспект на неговиот придонес во одбраната како прв министер за одбрана, како долгогодишен декан на Филозофскиот факултет, како професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир, како автор на голем број книги, учебници, научни трудови и анализи поврзани со различни аспекти на одбраната и безбедноста. Професорот Трајан Гоцевски е сè уште активен и актуелен со својот кажан збор како експерт од одбраната, советник на претседателот на државата и актуелен член на Советот за безбедност.

**Професоре Гоцевски, кои беа мотивите за пишување на овој труд, којшто на 400 страници го опишува целиот тридецениски развој на Армијата на Република Северна Македонија?**

– Непобитен факт е дека нашата Армија се формираше во еден исклучително сложен политички,геополитички, безбедносен и општествен амбиент, кој се менуваше на дневна основа со високи ризици и амплитуди на промени кои го загрижуваа секој човек. Нашите напори во тоа време беа насочени кон остварување на нашата примарна цел, а тоа беше да се формира систем на одбрана и Армија на Република Македонија како независна држава која ќе биде гарант на независноста и сувереноста. Тоа беше и условот на меѓународната заедница за да ја признаат нашата штотуку прогласена независност. Моравме да внимаваме формирањето на АРМ да не нè вклучи во военото сценарио кое се случуваше на подрачјето на поранешна Југославија. Формирањето на Армијата на Република Македонија и нејзиното „застанување на нозе“ се поврзува со фактичкото профункционирање на независноста на Република Македонија. Оттогаш поминаа три децении, што претставува солидна временска дистанца да се проговори за патот што го изоди нашата армија во овој бурен период.

**Развојот и напредокот на АРСМ во изминатите 30 години во монографијата го опишувате во**

**14 дела. Можете ли накусо да ни одговорите како ја започнувате приказната за формирањето на Армијата?**
– Секој дел од Монографијата има свое значење, свои специфичности и ја одразува тежината на времето за развојот на АРСМ. Но, бидејќи се работи за монографија – авторско дело, тоа има еден логичен методолошки редослед. Така, првиот дел е посветен на моите подготовки на стручен и на професионален план, кои ме доведоа на позицијата министер за одбрана, одговорен за формирање на АРМ. Тука зборувам за тоа како ја засакав одбраната, за личностите кои го разбудија мојот инстикт за значењето на одбраната, каде генералот Апостолски го зазеде клучното место во вклучувањето во образовниот систем и во креирањето на системот на одбраната, формирањето на Армијата, фундирањето на образованието за одбраната и за военото образование кое дотогаш никогаш не сме го имале. Вториот дел подетално го опишува периодот на распадот на СФРЈ и дебатите за тоа кој правец да го фати Македонија на патот до независност и за структурирањето на системот на одбраната како клучен сектор за државноста.Третиот дел се однесува на првите наши обиди да ја реализираме идејата за формирање на наша македонска армија, но и за реакциите на тој план. Исто така, тука може да се прочита и за политичките и воените услови за нејзино формирање.

**Во четвртиот дел од Монографијата се осврнувате на противниците за формирање на македонска армија. Во нашата јавност многу малку се зборува на таа тема. За какви противници станува збор?**
– Можеби зборот „противници“ не е многу соодветен, но не можев да најдам друг израз. Реалноста е дека кога обелоденивме дека одиме кон прогласување на независност и формирање на сопствена армија, многу „духови“ на Балканот се вознемирија и почнаа да прават пречки на патот по кој тргнавме. Читателот во овој дел може да прочита за мерките на Сојузното претседателство за спречување Македонија да прогласи независност, за одлуките на тоа Претседателство против формирање на нашата армија, овластувањата на ЈНА да интервенира во републиките кои ќе покажат сецесионизам, идеи во делови на албанскиот блок за формирање на Албанска национална армија, за идеите за формирање на Македонска национална гарда како еднонационална војска, предлогот на водството на ЈНА таа да ја чува нашата граница и идејата да ја зајакнеме полицијата, а да не формираме Армија итн. Тука ги разработувам и националните политики на соседите кон територијата на Македонија и намерите да се оневозможи Македонија да формира своја армија. За жал, такви политики кон нас се водат до денес, а сите имаат територијални претензии, што најмногу ме плаши до ден-денес... Петтиот дел се однесува на распадот на Југославија, на нашите позиции во тој процес и на условите во кои ја прогласивме нашата независност... Шестиот дел е посветен на создавањето на правната основа за креирањето на системот на нашата одбрана и за формирање на АРМ. Тука се зборува и за утврдувањето на принципите на политиката за одбрана и за моделот на одбраната кој потоа го имплементиравме во целина. Седмиот дел ги опишува предизвиците, ризиците, кризните моменти и преземените мерки, со цел да се овозможи формирањето на нашата армија. Особено внимание е посветено на Договорот за мирното повлекување на ЈНА од нашата територија, како клучен предуслов за избегнување да се отвори т.н. јужен фронт и создавање мирни услови за формирање на АРМ. Осмиот дел се однесува на триесетгодишнината од нашата независност и на триесетгодишнината од формирањето на Армијата. Деветтиот дел е посветен на континуитетот на военото организирање во Македонија, на идеите за формирање на македонска држава со своја војска и своја црква, формирањето на нашата армија, контролата над воздушниот простор и почетоците на нашата воена дипломатија...

**Професоре Гоцевски, десеттиот дел е посветен на достигнувањата на Армијата во овие триесет години и на фазите на нејзиниот развој. Кои се клучните пораки од овој дел ?**
– Според анализите за овој 30-годишен период од развојот на Армијата, таа има 10 фази. Сите тие се детално опишани во Монографијата. Ќе ја споменам првата фаза, која има два периода кои се клучни, и за државата и за Армијата. Првиот период на оваа фаза го опфаќа периодот на преговори за решавање на југословенската криза, сè до Референдумот на 8 септември и донесувањето на Уставот и Законот за одбрана. Потоа следува вториот период на оваа фаза, а тоа е одбранбеното осамостојување на Република Македонија во периодот 1991 – 1993






година и формирањето на Армијата на Република Македонија. Втората фаза од развојот на АРМ го опфаќа периодот од 1993 до 1995 година во кој се заокружи правната рамка на системот на одбрана на Р.Македонија и на АРМ, кога се изврши нужното пополнување на систематизацијата на Министерството и воената формација на АРМ и се поставија темелите на военото образование во Македонија. Третата фаза го опфаќа периодот од 1995 до 1999 година, и во оваа фаза од развојот на АРМ се поставија основите за нашите идни евроатлантски интеграции. Четвртата фаза од развојот на АРМ го опфаќа периодот од 1998 до 2004 година. Овој период е карактеристичен по големите турбуленции со кои се соочи нашата држава и нашиот безбедносен систем. Петтата фаза од развојот на АРМ го опфаќа периодот од 2004 до 2008 година, и тој се карактеризира со донесување на  стратегиски документи за одбраната. Спроведени се реформи за стандардизирање на АРМ во согласност со критериумите на НАТО. Направена е трансформација на Армијата со цел успешно функционирање во НАТО структурите на сите нивоа, воведен е и системот на ППБ, кој требаше да ѝ обезбеди постабилно финансирање на АРМ на подолгорочна основа. Шестата фаза од развојот на АРМ е таканаречениот постбукурешки период, кој се карактеризира со разочарување, но и со продолжување на приспособувањето на АРМ кон критериумите на НАТО и учеството во меѓународните мисии. Направена е целосна трансформација на МО и на ГШ на АРМ. Седмата фаза го опфаќа периодот од потпишувањето на Преспанскиот договор со кој се откочи процесот за зачленување на Р.С. Македонија до приемот во НАТО на 27 март 2020 г. Осмата фаза е периодот од приемот во НАТО до военото интегрирање на Армијата во воените структури на НАТО. Деветтата фаза која следува е пополнувањето на позициите кои Армијата ги доби на сите нивоа во воените структури на НАТО. Десеттата фаза, во основа, ќе биде фазата на идниот развој на АРСМ во која треба да се подигне нивото на опременоста и техничко-технолошкото унапредување на борбените системи.

**Единаесеттиот дел од Монографијата е посветен на нашето зачленување во НАТО,  а дванаесеттиот дел на нашиот придонес во мировните мисии. Зошто ги издвоивте овие делови како посебни целини?**
– Во единаесеттиот дел е  прикажана целата хронологија на патот до членство во НАТО, каде што ја постигнавме нашата голема стратегиска цел – зачленувањето во НАТО. Имавме многу задачи кои ги завршивме пред приемот и по него во овој краток период. Дванаесеттиот дел од Монографијата е посветена на миротворните мисии што ги има реализирано нашата армија во изминатите три децении, кои се многу успешни и со коишто треба да се гордеат и Армијата и државата и сите нејзини граѓани. Во овој дел, исто така, се зборува и за нашиот придонес во Мултинационалната бригада на земјите од ЈИЕ, која сега е со седиште во Куманово. Тринаесеттиот дел е посветен на воената интеграција на АРСМ во НАТО структурите кој траеше 19 месеци, што беше клучна задача. Конечно заврши тест- периодот на НАТО во кој ги исполнивме условите за воена интеграција и станавме рамноправна членка во сите воени делови од Алијансата. Само за потсетување, пред Армијата беа поставени 194 задачи кои сите успешно се реализирани. Нашата армија покажа и докажа дека е вистинска НАТО армија. Покажавме дека сме кредибилна членка на Алијансата.
И, уште нешто: НАТО за нас како држава отвора и економски шанси и перспективи – ние ќе станеме безбедна дестинација за директни странски инвестиции.

**Последниот, четиринаесеттиот дел, е даден како заклучок, и е посветен на фазата што следува. Каква иднина ја очекува нашата армија?**
– Очекуваме промена на курсот кон Армијата, очекуваме зголемено и стабилно финансирање, очекуваме подобрување на стандардот на воениот персонал, очекуваме подготвеност и учество во меѓународните мисии на мирот, очекуваме армија која во секое време и на секое место ќе се стави во функција на безбедноста на нејзините граѓани,очекуваме армија која рамо до






рамо ќе се носи со армиите на земјите членки на НАТО, но како рамноправен член.Тоа е нашиот сон кој посакуваме постепено да станува наша реалност. Водиме „битка“ за почеток на преговорите за зачленување во ЕУ. Во сите „битки“ за етаблирање на Македонија како модерна, просперитна, европска држава во изминатите триесет години, Армијата на Република Северна Македонија, секогаш беше прва во остварувањето на своите мисии, и во земјата и надвор од неа, за регионалниот и за светскиот мир. Токму затоа направив напор настаните поврзани со тридеценискиот развој на Армијата да ги пренесам во оваа монографија.

д-р Жанет Ристоска



# Малите држави и НАТО Алијансата

Од втората половина на XX век, а особено по завршувањето на Студената војна, сè повеќе расте академскиот интерес за малите држави. Со забрзувањето на историјата и реструктуирањето на меѓународната заедница, се забрзува и фрагментацијата на државите, особено по имплозијата на Југословенската Федарација и Советскиот Сојуз. На тој начин се зголемил и бројот на малите држави населени со под 5 милиони жители. Нивниот број во последнава деценија достига над 200 држави, од кои дури 40 држави се сместени во Европа. Едно од најдискутабилните проблеми е прашањето: кои држави се сметаат за „small states“ ? Заедничка констатација е дека теоретичарите не можат да се согласат околу критериумите за класификација на државите на мали, средни и големи. Проблемот, пред сè, е во утврдувањето на цврсти и општоприфатени критериуми околу дефинирањето на малите држави.

## Малите држави и блоковската политика

Историско-политичката рамката за афирмацијата на малите држави била формирана во текот на 19 и 20 век за време на одржувањата на големите меѓународни конференции, како што беа конгресите од 1815 година (во Виена) и од 1919/120 година (во Версај, Сен Жермен, Тријанон и Севр). По Втората светска војна, кога се манифестирала Студената војна, беше конституирана НАТО Алијансата и европската интеграција (Заедниците и Советот на Европа). Во исто време на Исток беше создаден панданот на Алијансата, Варшавскиот пакт, додека како одговор на Европската заедница, СССР и неговите сателити ја конституирале интеграцијата на COMECOM. Во овие две воено-политички и економски интеграции, малите држави го зајакнале својот статус, иако како главни лидери во двата блока останале СССР и САД. Овие сојузи им понудиле нова рамка за развој на малите државите. За време на билатералната констелација нивниот опстанок како држави повеќе не бил загрозуван, под услов да бидат дисциплинирани членки, бидејќи двата антагонистички блока се грижеле за безбедноста на своите членки, а со тоа и за безбедноста на малите држави.. Свесни за своите слабости, малите држави кои останале вон овие интеграции, настојувале да ја имплементираат политиката на неутралност. Се надевале дека на тој начин ќе избегаат од монополот на големите сили и од нивната сателитизација. Со таков ентузијазам меѓу земјите на Третиот свет било создадено Движењето на неврзаните држави. Меѓутоа, бројните државни удари, воените пучеви, диктаторските режими под притисок на големите држави, ја покажале нивната слабост и нестабилноста, независно од солидарноста која ја манифестирале за време на големите самити на неврзаните земји или во рамките на светската организација.

## По Студената војна расте бројот на малите држави

Кон крајот 1989 година, по рушењето на Берлинскиот ѕид, падот на комунизмот и крајот на Студената војна (1945-1991), чиј победник била западната либерална демократија (Francis FukuyamaThe End of History and the Last Man -1992), поголем број мали и средни држави од Средна и Источна Европа се здобиле со независност. Овој процес го стимулирал интересот на науката за изучување на малите држави, нивната надворешна политика и значење во меѓународните односи, ефикасноста на користените алатки како „soft power policy“, амбициите кон пристапување на големите сојузи.

Меѓутоа, во реалноста, влоговите на меѓународната безбедност и дипломатските односи, имплицираат зголемена зависност на малите држави кон динамиките и значењето на надворешните актери. Затоа и





малите држави се „најслабата алка на асиметричните односи. Тие не се во состојба да ја сменат природата и функционирањето на овие односи од страна на големите кон малите немоќни актери“. Оваа констатација ја афирмира и американскиот политиколог Роберт Кеоан (Robert Keohane), според кој „мала држава е онаа која самата не може да изврши поголемо влијание врз меѓународниот систем“ за да се разбере ранливоста и капацитетот на акцијата кога се работи за стратегиите на преживување на малите држави, неопходно е да се анализира и околината во која тие еволуираат. На пример, првите проширувања на НАТО Алијансата кон балтичките земји и нивното „марширање кон Западот“, целосно беа условени од односите помеѓу САД и Руската Федерација. Воедно упорноста на малите држави за интеграција во НАТО беше во перфектна кохерентност со една друга нивна карактеристика. Тоа е користењето на меѓународните организации како акциона платформа, но и како засолниште од меѓународната сцена.“ Во принцип однесувањето на малите држави било ориентирано од два суштински мотиви. Првото е желбата за поголема неутралност или автономија. Второто е потрага по разни форми на влијанија врз регионот и пошироко врз принципот на солидарноста и соработката. По завршувањето на Студената војна и силниот процес на демократризацијата во Европа, малите држави го афирмираат меѓународниот активизам со помош на соработка, наспроти големите безбедносни предизвици. Заради ограничувањата од квантитативен или квалитативен карактер, малите држави во доменот на воената безбедност настојуваат да ги адаптираат стратегиите за преживување на најрационален и најефикасен начин. Искуствата од функционирањето на НАТО и ЕУ во периодот на постстудената војна покажаа дека тие настојуваат да се специјализираат во потесни домени како што се: сајбер-одбраната, IT-технологија, истражувања на разни форми на разузнавање. За сметка на тоа општиот разновиден воен капацитет е потиснет на втор план. Овие активности малите држави можат да ги ефектуираат исклучиво во рамките на големите политичко-воени интеграции како што се НАТО Алијансата или Европската Унија.

## Алијансата – „кралство на мали држави“

Од конституирање на НАТО во 1949 г., бројот на државите членки од 12 достигна 30 (плус 2) држави со полноправно членство, од кои речиси 50% се сметаат за мали држави. Од нив три држави се потписници на Вашингтонскиот договор и воедно основачи на Алијансата кои спаѓаат во мали држави. Тоа се Исланд со 320.000 жители, Луксембург со 645.390 жители и Норвешка со 5,4 милиони жители. Кога Исланд го потпишал Договорот од Вашингтон, државата не поседувала, ниту денес поседува сопствена армија.









Исланд во своите безбедносни сили промовира крајбрежна полиција, национални полициски сили, еден одбранбен воздушен систем и добро организирана експедициона сила за одржување на мирот, составена од доброволци. Исланд е присутен во сите главни комитети на НАТО, придонесува во воениот и цивилниот буџет на Алијансата и учествува во операциите предводени од НАТО. Најголемиот адут на Исланд во времето на приемот во Алијансата е неговата геополитичка позиција. Исланд е ситуиран во средината на Атлантикот на средноокеанскиот гребен помеѓу Европа и Америка. Таквата географија на овој остров му дава огромно стратешко значење и за Евроатлантското партнерство.
Малата држава Луксембург, исто така, еден од основачите на НАТО Алијансата со 645.000 жители и површина од 2586,4 км2, географски е сместена во срцето на Западна Европа помеѓу Франција, Германија и Белгија, долго време настојувала да ја промовира меѓународната неутрална и изолационистичка позиција. Пред напуштањето на неутралноста Луксембург немал постојана армија уште од 1867 година, кога со Лондонскиот договор му бил доделен статус на „вечно неутрална и разоружана држава“. За време на Втората светска војна, кога земјата била окупирана по втор пат во својата историја, владата во егзил одлучи да создаде воена сила за Луксембург да може да се бори заедно со сојузниците и да учествува во неговото ослободување.
Веднаш по завршувањето на Втората светска војна Луксембург застанала како еден од најголемите поборници на европскиот и евроатлантскиот проект. Како најмала држава членка на Алијансата според географијата и демографијата, Луксембург одиграла значајна улога во медијацијата меѓу нејзините големи соседи. Поради научените лекции од двете светски војни, Луксембург прераснала во најголем проамерикански актер на Западна Европа. Во еден напис објавен во „Њујорк тајмс“, пред посетата на големиот војвода од Луксембург, државата се опишува како „најотворена проамериканска европска држава со репутација на најдобар пријател на Вашингтон . Придонесот на Луксембург во НАТО е значаен уште од времето на Студената војна. Градот Капелен е седиште на Агенцијата за одржување и снабдување на НАТО (НАМСА-NAMSA) од 1967 година, која го смени името во Агенција за поддршка и набавка на НАТО (НСПА-NSPA). Оваа институција обезбедува логистичка поддршка за вооружените сили и команди на НАТО во Европа и во Северна Америка, за набавка и складирање опрема, инженерска и техничка поддршка. Воедно, и флотата на НАТО-АВАКС(AVKAS) беше регистрирана во Луксембург.

## Главна стратегиска цел на малите држави – членство во НАТО

По завршувањето на Студената војна, интеграцијата во Атлантската алијанса на поранешните држави од Советскиот блок прераснува во основен национален интерес на надворешната политика. Во очите на посткомунистичките елити, членството во НАТО прераснува во симбол на „прекинот на насилната инклузија во комунистичкиот лагер“. НАТО беше сфатен како гарант на безбедноста за зачувување на територијалниот интегритет, независноста и на слободниот избор на либералната демократија.
За време на одржување на јубилејниот Самит на НАТО во 1999 г. во Вашингтон, Полска како најголема и најзначајна држава од посткомунистичка Европа, со статус на primus inter pares, односно прва меѓу еднаквите, заедно со Унгарија и Чешка, го одбележаа првиот круг на проширување. Најголемиот број Полјаци сметале дека Москва никогаш нема да се согласи со членството на Полска во НАТО. Меѓутоа, токму на овој самит беше промовирана политиката на „отворени врати“( open door policy). Научените лекции од приемот на првите три посткомунистички режими во НАТО овозможија да се олеснат кандидатурите на новите аспиранти кои беа повикани да ѝ се придружат на Алијансата. Во акционите планови за членство (Membership action

plan) на кандидатите им била понудена можноста да избираат „à la carte“, сопствена програма на преструктуирање, елиминацирање или конзервирање на оружјето на поранешниот режим, со цел да ги реформираат своите баталјони, да ги редуцираат капацитетите и слично. Раководството на надворешнополитички план фиксирало две стратешки цели: да се стане членка на ЕУ, синоним на демократијата и просперитетот и да се стане членка на воената алијанса, заедно со САД, заради заштита од Русија. Во овој прв бран на проширување, малите држави беа заобиколени, и покрај амбициите на Франција која лобираше за Романија, но и малата Словенија. Министрите на девет држави кандидати, на состанокот во „Вилнус 2000“ презеле иницијатива за членство во НАТО во идниот круг на проширување. Оваа опција е позната како формалната група „Вилнус“. Од помалите држави на оваа средба биле трите балтички држави, Словенија, Словачка, Албанија и Македонија, додека од поголемите биле Романија и Бугарија. Хрватска ќе ѝ пристапи на групата „Вилнус“ во 2002 г., додека Црна Гора сè уште беше во составот на Српско-црногорската федерација – Југославија. Во секоја од овие членки на Групата „Вилнус“ се афирмирала силна амбиција да се стане членка на НАТО во следниот круг на проширување. Надежта се полагала во опцијата „регата“, според која државите ќе се здобијат со членство во согласност со логиката на регата-трките на мирни води, а во зависност од нивните постигнати реформи. Меѓутоа, во САД и во Обединетото Кралство се сметало дека е неопходно да се направи пауза од неколку години по приемот на првите три држави членки.



## „Big bang“ – проширување на Алијансата со малите држави

Иницијативата за членство во Алијансата беше одбележана со големо ривалство меѓу аспирантите. Секоја држава настојуваше да се прикаже како подобра од другите конкурентни кандидати. Така, балтичките држави настојувале да докажат дека се многу подемократски од нивните конкуренти, додека аспирантите од Балканот се повикувале на нивниот позитивен однос за време на војната на Косово. Алијансата ги прифати таквите искуства како „научени лекции“ кои не смеат да се повторуваат. За некои американски експерти



таквата конкуренција наликуавала на „избор за мис“, кога секоја кандидатка љубоморно гледала на нејзината ривалка. По извесно време аспирантите беа подучени од страна на Алијансата и постепено почнаа да сфаќаат дека таквиот пристап е погрешен и контрапродуктивен. Терористичките напади од 11 септември 2001 година го смениле контекстот на второто проширување на НАТО. САД ја почувствуваа потребата од создавање на поширок фронт на политичка и на безбедносна поддршка во војната против тероризмот. На почетокот на 2002 година претседателот Џорџ Буш се изјаснил за поамбициозно проширување на Алијансата. На Самитот во Прага, политиката на НАТО, „open door policy“, доживеа големата експлозија „big bang), кога е во прашање проширувањето на Алијансата. За пonoправно членство беа прифатени седум нови членки, од кои, освен Романија и Бугарија, останатите држави како Литванија, Летонија, Естонија, Словенија и делумно Словачка, спаѓаат во мали држави. Останатите две мали држави, Албанија и Македонија не добија покана. Заедно со Хрватска тие ја конституираа групата „Јадран“, кон која пристапија Босна и Херцеговина и Србија – Црна Гора. На Самитот во Букурешт во 2008 година, со покана за членство се здобија две помали држави: Хрватска (3,8 милиони жители) и Албанија (3.01 милиони жители), додека во 2016 година, покана за членство доби и Црна Гора (630 000). Конечно, во 2020 година, по 20 години чекање и исполнување на Акциониот план за членство, покана за полноправно членство доби и Северна Македонија (2 милиони жители). На тој начин радиоскопијата на малите држави членки на Алијансата, произлезени од некогашните комунистички федерации, членки на Варшавскиот договор или на неврзана Југославија, се зголеми на девет држави: Словенија,Словачка, Хрватска, Литванија, Летонија, Естонија, Албанија, Црна Гора, Решублика Северна Македонија. Членството во НАТО се доживува како „голема работилница“ за демократизација, владеење на правото, битка против корупцијата, но и како предворје за членството во ЕУ. Сите овие чекори ја откриваат важноста на институциите, идеите и системот. Два главни мотиви од надворешната политика биле решавачкиот. Стана евидентно дека потрагата по „неутралниот статус“ му отстапила место на статусот за поширока соработката со сојузниците и партнерите. На крајот, токму активизмот преку меѓународните оргагнизации и соработката (НАТО, ЕУ), е мотивот кој ги водеше малите држави во нивната желба за одбрана и превенција од современите безбедносни предизвици.

д-р Нано Ружин



# Центри за извонредност во НАТО
## Центарот за воена медицина

Еден од главните предизвици со кои се соочува военомедицинскиот систем, како што е наведено во НАТО доктрината „Principles and Policies of Medical Support", е дека очекувањата на јавноста за висококвалитетна медицинска поддршка постојано се зголемуваат.
Во согласност со оваа доктрина, целта на военомедицинската поддршка во операциите е да се поддржи намерата на командантот, а воените лидери на НАТО навремено да добијат информации за тековните здравствени ризици преку навремени и ефективни здравствено-медицински услуги на распоредените единици. За да се постигне ова, медицинското тело во состав на НАТО (Committee of the Chiefs of Military Medical Services), одлучило да се развие Медицински центар за извонредност кој ќе помогне во координирањето на напорите да ја унапреди воената медицина во Алијансата.
Центарот за воена медицина (Military Medicine Centre - MILMED COE) акредитиран од страна на Северноатлантскиот совет во 2009 година се фокусира на медицинска обука и евалуација, со примена

> Примарни достигнувања на Центрите за извонредност се да ја прошират интероперабилноста, да ги зголемат капацитетите и да помогнат во развојот на доктрините и стандардите преку анализи и научени лекции, како и да ги тестираат и да ги потврдат концептите во рамките на Алијансата. Тие се мултинационално спонзорирани ентитети кои нудат призната експертиза и искуство, особено за поддршка на трансформацијата во НАТО

на научените лекции. Се наоѓа во Будимпешта, Унгарија, а истиот е поддржан од Германија, со задача да ги подобри медицинските способности и интероперабилноста. Тој е мултинационално спонзориран ентитет, препознаен во НАТО како центар на знаење, пред сѐ преку обезбедување на воена медицинска обука. Мисијата на центарот е да ги помага стратешките команди, другите тела на НАТО, нациите и другите цивилни и воени организации преку подобрување на медицинската поддршка во операциите и да се обезбеди експертиза за здравствениот надзор поврзан со распоредувањето.
Овој центар на НАТО останува отворена институција која ја поврзува воената и цивилната медицина преку собирање најново медицинско знаење и експертиза од двете заедници, продолжувајќи да соработува со најширокиот можен опсег на партнери, со вклученост на високо искусни медицински професионалци.
Поради пандемијата, бројни настани и курсеви беа откажани или одложени, но центарот ги искористи своите капацитети (Cloud-Based IT systems) и продолжи со активностите преку имплементација на курсевите, конференциите и состаноците.
Меѓународните медицински сертифицирани оценувачи ги споделуваат своите искуства од минатите оценувања во доменот на медицината (MEDEVAL), преку практични совети

од научените лекции. Медицинската евалуација служи како процена да се обезбеди и да увиди дека се почитуваат заедничките стандарди на НАТО во вое588медицинска поддршка на операциите. Таа се однесува на мултинационални медицински единици според Концептот за оперативни способности на Програмата за партнерство, обезбедувајќи на единиците од земјите партнери на НАТО да ги исполнат истите стандарди како земјите членки на НАТО. Центарот за воена медицина ги координира сите медицински процени спроведени од сертифицираните оценувачи. Дополнително, тој е силно ангажиран во развојот на STANAG 2560 (Evaluation of NATO Medical Treatment Facilities), а го реализира и курсот во делот на оценувањето (NATO Medical Evaluation - MEDEVAL Course). Оваа евалуација и сертификација овозможува полесно да се интегрира медицинскиот персонал на НАТО сојузниците или нациите партнери. Активностите се координирани од Центарот за здружена анализа на научените лекции, а како резултат на тоа развиен е Медицински теренски прирачник за медицинската заедница.

Центарот за воена медицина работи на способноста за воздушна евакуација (AIRMEDEVAC), со зголемени побарувања за мобилност на тактичко и оперативно ниво. „Златниот час" бара навремено да се транспортира повредениот до хируршки способна медицинска установа на терен со ефикасен привремен третман. Се работи на развивање научно засновани препораки за подобрувања на негата на жртвите на бојното поле.

Во контекст на активностите на Центарот, се следеше здравјето на распоредените сили во Африка, а искуството стекнато во текот на ебола епидемијата обезбеди непроценливо знаење, со цел да се зголеми способноста како навремено да се одговори на вакви епидемии во иднина. Главниот заклучок на Работилницата за научени лекции од кризата со ебола беше дека НАТО мора да биде подготвен да обезбеди координиран и унифициран одговор на идните закани од заразни болести во домашен или меѓународен театар на операции.

Како единствена мултинационална медицинска вежба е „Vigorous Warrior", која започна во Унгарија во 2011 година. Таа се организира секоја втора година, а во неа учествуваат медицинските служби на различни нации и е координирана од Центарот за воена медицина, кој има искуство во извршување на вежбата во согласност со Стратешката директива за колективна обука и вежбање (Bi-Strategic Directive for Collective Training and Exercise). Оваа вежба беше дел од подготовка за вежбата „Trident Juncture" со употреба на член 5 во сценариото и со вклучување на масовна медицинска компонента повеќе од било која вежба досега. Друг важен аспект на вежбата е тестирање на различни договори за стандардизација (STANAGs). Пример за ова се процедурите за брзо распоредување на истражувачки тим при појава на епидемија во биолошка средина. Во текот на 2022 година се планира одржување на оваа значајна вежба.

Центарот за воена медицина работи и на Проектот за следење во реално време, развиен во форма на електронска алатка, со цел обезбедување рано предупредување за епидемиолошки или биолошки закани. Воедно, тоа е проект за соработка помеѓу Центарот за извонредност на НАТО и Мултинационалниот медицински координативен центар во Германија (European Medical Command, Koblenz). Во текот на годинава во Центарот се планира одржување на Курсот за медицински менаџмент и поддршка за големи инциденти (MIMMS). Истиот е значаен за обезбедување знаење и вештини кои се потребни за ефикасно управување на локација со големи инциденти во воената средина. Курсот е вистинско партнерство помеѓу воени и цивилни експерти во случај на сценарио за колективна одбрана од член 5 од Договорот кога цивилно-воената соработка е неизбежна. Со него ќе се опфатат неколку аспекти, вклучувајќи подготовка, комуникациски радиопроцедури, команда и контрола, а ќе се реализираат преку серија предавања, работилници, вежби на маса, болнички вежби (HOSPEX) и практични вежби без жртви (PEWCS).

Драган Павловски







# Зајакнување на ракетната одбрана во Централна и во Источна Европа (Прв дел)

Една од стратегиите за воена одбрана и одвраќање на САД и на НАТО претставува и еднодецениското градење на системот за ракетна одбрана во Централна и во Источна Европа.
Пред да започнеме со анализа за изградбата на овој систем, накратко да појасниме што претставува и што вклучува системот за противракетна одбрана. Се работи за сложени, високо софистицирани и скапи системи кои се дел од армиите на развиените држави, но истите ги развиваат и армиите на одделни, недоволно развиени држави, кои по секоја цена настојуваат да имаат јаки воени капацитети.
Противракетната одбрана е систем кој се состои од мрежа на сателити за рано предупредување (a network of early-warning satellites), нови „X-Band“ радари со голема моќност (a new high-powered X-Band radar), пресретнувачки ракети од мал (short-range), среден (medium-range) и долг дострел (intercontinental), центри за контрола на огнот и центри за контрола и комуникации и помошни командни групи. Во однос на локацијата на базирање и начинот на лансирање, може да бидат од копно, силоси, мобилни единци на тркала, железнички лансери, подморници; бродови и од авиони.
Доколку ги истражуваме почетоците за јакнење на ракетната одбрана во Централна и Источна Европа, тогаш несомнено ќе уочиме една спирала на геополитичко ривалство и натпревар на големите сили (пред се на САД и Русија), со цел заземање на подобри военостратегиски позиции за заштита на националните регионалните интереси. Плановите за зајакнувањето на ракетната одбрана во Централна и во Источна Европа или на „Источното крило на НАТО“ (NATO's eastern flank), со распоредување на противракетни одбранбени системи или со балистички ракети од среден и долг дострел, иницирано пред сè, од САД како водечка сила во НАТО Алијансата, со цел парирање и одвраќање на ризикот и заканата од енормните ракетни потенцијали на Русија. Секако, стратегиите на САД во оваа насока се следени и преку соодветни концепти и доктрини на НАТО Алијансата.
За илустрација, како изгледала противракетната одбрана во Европа пред да започне планот за нејзино зајакнување, ќе ја искористиме следната шема од 2012 година.

**ВИДОВИ/ТИПОВИ НА РАКЕТИ**

| Држава | Според дострелот | Тип на ракети и системи | Дострел во км |
|---|---|---|---|
| САД | Short range | Patriot –PAC-3 | 30-90 км |
| | | RIM-161(SM-3), AEGIS | 900-2500 км |
| | | THAAD | до 200 км |
| | Medium/intermediate range | RIM-161, Missile 3 (SM-3) | 2500 км |
| | | THAAD | 200 км |
| | Long range/ intercontinental | Tomahawk | до 3000 км |
| | | LGM-30 Minuteman | 13,000 км |
| | | Trident III | 13,300 км |




На истата јасно се уочува дека во тој период НАТО и САД немаат изградени заеднички ракетни одбранбени капацитети во Европа, а дел од противракетната одбрана била одговорност само на САД и на неколку држави членки на НАТО, кои веќе имале набавено соодветни ракетни одбранбени системи.
Првите идеи и предлози за развивање на ракетната одбрана во Европа започнуваат  во САД во 2007 година, за време на вториот мандат на 43. претседател на САД, Џорџ Буш. Имено, во тој период неговата администрација промовира план за распоредување на ракетен одбранбен систем во Источна Европа, поточно во Полска и во Република Чешка. Таквата намера се оправдувала со потребата од заштита на НАТО сојузниците во Европа од можен ракетен напад од недемократски држави од регионот на Средниот Исток, поточно од Иран. Меѓутоа, на тој план се спротивставила Русија, која проценувала дека таквиот ракетен одбранбен систем ќе биде насочен кон Русија, заедно со проширувањето на НАТО кон Исток. Мора да се нагласи дека планот и најавата за зајакнување на ракетната одбрана во Централна и во Источна Европа, на почетокот бил критикуван и од самите европски држави, изразувајќи страв дека на тој начин нивните територии ќе станат примарна цел на евентуални ракетни напади.
Заложбите на администрацијата во Вашингтон за прв пат се дискутирани и во НАТО Алијансата, за време на одржувањето на самитот на НАТО во Букурешт, Романија, во месец април 2008 година. На самитот, земјите членки на НАТО постигнале согласност, дека е потребно да се развива ракетен одбранбен систем за доброто на нејзината колективна одбрана, како одговор на зголемувањето на бројот на балистички ракети во Русија и во регионот на Средниот Исток. На ваквата одлука се однесува и фактот што дел од членките на НАТО веќе имале одбранбени ракетни капацитети за заштита од ракети со мал и среден дострел, но и јасниот и недвосмислен став на САД дека ќе овозможат нејзините противракетни одбранбени системи во Европа да бидат вградени во НАТО мрежата за заштита. Ваквите намери на НАТО сојузниците во 2008 година се предизвикани и од најавите на Русија, дека ќе распореди ракетни системи од типот „С-400“ во областа Калинград. Значаен поттик за развојот на ракетната одбрана во Европа, особено дава администрацијата на 44-тиот претседател на САД, Барак Обама, на почетокот на неговиот прв мандат во 2009 година. САД биле со идеја тоа да биде, пред сè, план за заедничка одбранбена политика на НАТО, кој можел да се потпре на веќе распоредените ракети за противвоздушна одбрана „Patriot“ во Германија и  во Холандија. Така, веќе на следниот НАТО самит во Лисабон во 2010 година, сојузниците се согласиле дека треба да продолжи развојот на ракетната одбранбена способност на Алијансата. Од оваа перспектива, кога се случува воената агресија на Русија врз Украина, изгледа за неверување фактот дека на самитот на НАТО во Лисабон бил поканет и присуствувал и тогашниот претседател на Русија, Димитри Медведев. Причина за неговата покана биле разговорите, токму за идниот ракетен одбранбен план НАТО Алијансата. За време на самитот, претседателот на САД Барак Обама, истакнал: „Утре ние гледаме да работиме заедно и да ја градиме соработката со Русија и во оваа област, бидејќи препознаваме дека делиме исти закани“. Пред самитот, НАТО ѝ предложил на Русија да соработува во ракетната одбрана и да се приклучи во системот. На таквата покана, рускиот претседател Медведев одговорил дека „Русија размислува дали да се приклучи на ракетниот штит“. Секако дека во тој период таквите дипломатски изјави биле дел од поширока стратегија за зачувување на сопствените стратешки одбранбени интереси и позиции. Русија имала стравување дека зајакнатата ракетна одбрана на НАТО во Централна Европа, а особено во Источна Европа, ќе го ослабне влијанието и ефектот на руската стратешка и одбранбена предност, постигната преку нејзиниот броен нуклеарен арсенал. Плановите за јакнење на ракетната одбрана во Централна и во Источна Европа, влијаело и на ратификацијата на СТАРТ-договорот (Strategic Arms Reduction Treaty-START), кој во април 2010 година го потпишале претставници на САД и на Русија. Со СТАРТ-договорот се предвидувало намалување на бројот на нуклеарните глави, а САД и Русија се обврзале да спроведуваат меѓусебни инспекции на нивните нуклеарни капацитети.
Планот на САД и на НАТО за зајакнување на ракетната одбрана во Централна и во Источна Европа продолжил да се развива и бил тема на секој нареден самит на НАТО Алијансата. На Самитот на НАТО во Чикаго 2012 година, било констатирано дека според лисабонските заклучоци, реализирана е првата фаза која обезбедувала фондови за јакнење на системот за заштита од балистички ракети. Истата година, во Москва, на Конференцијата за ракетна одбрана, началникот на Генералштабот на Вооружените сили на Русија изјавил дека Москва има способност за превентивен напад против ракетниот одбранбен систем на САД и на НАТО во Европа, со распоредување на офанзивни системи („С-400“), во близина на јужната и на северозападната граница на Русија, вклучувајќи ги и ракетите „Искендер“, распоредени во регионот на Калинград.
(продолжува...)

д-р Златко Кузманов



# Под знамето на ОН

## Употреба на сила во мировните операции – една пропадната мисија UNOSOM I (1992 – 1993г.) и UNOSOM II (1993 – 1995 г.)

Мисијата UNOSOM I (United Nations Operation in Somalia) во Сомалија започнала со пристигнувањето на 30.000 „Сини баретки“ од 30 мултинационални контингенти во 1992 г. во Могадишу. Нивното распоредување се одвивало во јужните области на државата, со 300 тони храна, подготвена да се подели, заедно со 43 невладини организации и 7 агенции на ОН, а со нив и многу ТВ и радиорепортери, камермани, фотографи...

Под мотото „Restore hope“ („Враќање на надежта“), „Сините баретки“ требало да го спасат населението од глад, да ги разоружаат завојуваните фракции, да го вратат законот и редот во земјата и да создадат услови за избори во 1995 година. (Според податоци на хуманитарните организации од 1990 г., од почетокот на конфликтот 250.000 деца под 5-годишна возраст умреле од глад, а уште 2,5 милиони луѓе гладувале.) Силите на UNOSOM I не успеале да ја заштитат испораката и дистрибуцијата на хуманитарна помош од локалните банди, па за вооружена придружба на конвоите, во декември 1992 г. биле формирани Unified Task Force (UNITAF) предводени од САД. UNITAF, сили кои соодветно ги елиминирале заканите и употребувале сила со цел нормализирање на состојбите во Сомалија, во тоа време се сметале за успешни.



### Транзиција кон нова мировна мисија

По три месеци успешно извршување на задачите, Советот за безбедност на ОН усвоил резолуција за замена

на UNOSOM I и UNITAF со втората операција на ОН под називот UNOSOM II. На почетокот на мај 1993г. командата на операцијата била преземена повторно од страна на ОН. Но и покрај тоа, Американците ја задржале доминантната позиција во Сомалија. Околу 4.000 американски војници биле вклучени во UNOSOM и ги извршувале своите задачи заедно со контингенти од другите земји членки на ОН. Покрај нив, уште неколку илјади американски војници биле во состав на US JTF Somalia (United States Joint Task Force), кои не биле во состав на UNOSOM. На тој начин, линиите на командување и контрола, и поделбата на одговорност биле значително комплицирани. Иако UNOSOM бил под команда на генерал од турските вооружени сили, неговиот заменик бил од американската армија. Покрај тоа, висок претставник на генералниот секретар на ОН во земјата бил пензионираниот американски адмирал Jonathon Howe. Во ситуација во која било неопходно спроведување на кристално јасни и ефикасни мерки, реално постоеле паралелни командни структури и одговорности.

Преминувањето на командата во рацете на ОН се покажало катастрофално, и дипломатски и политички, заради многуте недоразбирања, слабата координација и споровите кои воделе во пропаст на мисијата. UNOSOM II се вплеткала во внатрешнодржавен конфликт и се констатирало дека активностите на терен ја преминале линијата од одржување на мирот кон наметнување мир. Со таквите постапки, мисијата ја изгубила својата карактеристика како непристрасна и легитимна, со што на крајот персоналот бил принуден да се повлече.

Веќе од јуни 1993 година, Могадишу станал непријателски град за персоналот на UNOSOM. Тие можеле безбедно да се движат единствено во тек на денот и во вооружени конвои. Снајперисти и нагазни мини биле најголеми закани по животот на персоналот на ОН, и покрај сите мерки на претпазливост. Најбројни жртви имало од италијанскиот, малезискиот и американскиот контингент. Згора на тоа, сомалискиот генерал Mohamed Aideed, од сојузник во операцијата станал непријател. Станал и одговорен за колежи и истребувања во земјата. Како највлијателен воен лидер во земјата, генералот Aideed неизбежно бил претставен како непријател и во очите на американските сили. Тој и неговата милиција, веќе „етикетирани“, во јуни 1993 г., само еден месец по



На 3 октомври 1993 г., американските „ренџери“, кои веќе биле испратени за засилување на Силите за брза реакција (QRF) на теренот, започнале операција за апсење на доверливи луѓе на генералот Aideed, извршувајќи рација во хотелот „Olympia“ во центарот на Могадишу, место на состаноци на лидерите на USC/SNA



пренесувањето на овластувањата од UNITAF на UNOSOM II, извршиле неколку напади врз припадниците на пакистанскиот контингент во состав на силите на ОН, во различни делови на Могадишу, каде што загинале триесетина војници на мировните сили. Со тие настани, командувањето и контролата во рамките на „Сините шлемови“ се покажале збунувачки за мултинационалните состави.

## Лов по генералот Aideed

По тие настани, Советот за безбедност побарал од американските сили, заедно со силите на UNOSOM II, да започнат серија напади врз силите на Aideed (Somali National Alliance - SNA). Адмиралот Howe побарал Aideed самиот да се предаде, а доколку не се предаде сам, на командантот на UNOSOM II му било наредено да го уапси. По еден месец неуспешни акции од припадниците на UNOSOM, американците извршиле воздушен напад со хеликоптери Cobra, лансирајќи проектили врз куќата каде се состанале лидерите на кланот Hawye. Околу 50 луѓе, меѓу кои и членови на кланот и противници на владеењето на Aideed, биле убиени. Веднаш по тој настан, разгневена

толпа локални жители започнала со малтретирање на четворица странски новинари кои ги искасапиле на јавно место. Ловот по Aideed, со масовни бомбардирања, го зголемило незадоволството и омразата на населението. Во еден таков напад, сомалиската милиција на Aideed соборила американски хеликоптер „Black Hawk“, при што загинале тројцата членови на екипажот. Едно од телата било обезглавено. Телата на загинатите американски војници биле влечени низ улиците и биле изложени на брутални изживувања од страна на толпите, а ТВ-репортери ги пренесувале трагичните сцени.
На 3 октомври 1993 г., американските „ренџери“, кои веќе биле испратени во засилување на силите за брза реакција (QRF) на теренот, започнале операција за апсење на доверливи луѓе на Aideed, извршувајќи рација во хотелот „Olympia“ во центарот на Могадишу, место на состаноци на лидерите на USC/SNA. Операцијата на американските сили била планирана од страна на Командата на специјалните сили на САД во Флорида (US SFC) и била започната без консултација со UNOSOM II, а високиот претставник на генералниот секретар во Могадишу и Командата на UNOSOM II биле информирани по започнувањето на операцијата. „Ренџерите“ во акцијата успеале да приведат 24 осомничени лица, но паднале во заседа, под дејство на силен оган од пешадиско оружје, а биле соборени и два нивни хеликоптери. Американските специјални сили кои биле испратени да ги спасат екипажите на хеликоптерите, навлегле во заседа во улиците и сокаците на југот на Могадишу, полно со непријателски

Ефектот на телевизијата „CNN“, што американските сили се обиделе да го менаџираат во своја корист, се свртел против нив, а политичкиот ентузијазам во Вашингтон за успех во Сомалија брзо исчезнал. Сепак, американските и силите на ОН продолжиле со нападите врз Aideed и неговата SNA. Со овие напади, сомалискиот конфликт кулминирал



расположено сомалиско население. До силите на UNOSOM II стигнала наредба за извлекување на американските специјалци од заседата. Поминале неколку часови борба, пред малезиските и пакистанските сили и QRF, под силен оган од милицијата, да стигнат и да им укажат помош на американските војници. Битката била интензивна и траела цели 17 часа, наместо 90-те минути наменети за операцијата. Загинале 18 американски војници и еден малезиски мировник, а 90 американски, малезиски и пакистански војници биле ранети.

Еден американски пилот бил заробен, но подоцна бил ослободен. Проценените на бројот на убиени и ранети Сомалијци, како цивили, така и фракциски борци, се движеле помеѓу 300 и 1000 души.
Ваквата акција се покажала катастрофална и контрапродуктивна врз текот на мисијата. Серијата напади извршени врз упориштата на Aideed, на југот на Могадишу, неизбежно нанеле колатерална штета и илјадници Сомалијци кои можеле да останат поддржувачи на напорите на ОН, биле одвратени од нивната поддршка на меѓународните сили.



Aideed, секогаш добро информиран за политичките случувања, веќе не се претставувал како лидер на фракциите, туку како прогонет сомалиски националист. Ефектот на телевизијата CNN, кој американските сили се обиделе да го менаџираат во своја корист, се свртел против нив, а политичкиот ентузијазам во Вашингтон за успех во Сомалија брзо исчезнал. Сепак, американските сили и силите на ОН продолжиле со нападите врз Aideed и неговата SNA. Со овие напади, сомалискиот конфликт кулминирал. Направените фотографии од местата на настаните, медиумски го пренеле ужасот на конфликтот до очите на светската јавност. Неколку години подоцна филмски била режирана верзија од случувањата со наслов „Blackhawk down“, која станала исклучително успешен холивудски филм.
Неколку дена по борбите, американскиот претседател Бил Клинтон објавил дека сите американски трупи ќе бидат повлечени од Сомалија на одреден период. Другите контрибутори во UNOSOM II почнале да ги преоценуваат новите околностите и услови кои преовладувале на теренот. Во отсуство на американските воени сили, сѐ наведувало на правење планови за повлекување од мисијата, што било многу деликатна фаза. Хуманитарната димензија на мисијата ја снемало со убиените „Сини баретки“ и близу 10.000 Сомалијци загинати во судирите. На терен, локалните кланови биле во војна и биле вооружени повеќе од порано.





## Последици и научени лекции

Наредните месеци било забележано намалување на меѓународните напори во Сомалија. Aideed ефикасно ги победил волјата и решеноста на меѓународната заедница за менување на состојбите во Сомалија. Сите обиди за негово неутрализирање биле напуштени со планирањето на американските војници и „Сините шлемови“ да ја напуштат мисијата во Сомалија, држава која не била во ништо подобра состојба откако мировните сили пристигнале во неа.
Било заклучено дека наместо да се распоредат и да раздвојат две спротивставени страни, мировниците требало, единствено со своето присуство, но не и со оружје, да обезбедат дистрибуција и помош во храна и лекови. Сепак, она што не било целосно разгледано, бил фактот што добрите познавачи на состојбите во Сомалија во тоа време тврделе дека контролата врз помошта во храна и лекови која пристигнувала била своевидно оружје во тековниот конфликт на теренот и дека обидот да се контролира ситуацијата, според тоа, не била неутрална акција на силите на ОН. На тој 3 октомври 1993 г. ги снемало и големите очекувања од мировната мисија. Меѓународната заедница, која имала големи надежи во мировната операција, одеднаш се соочиле со реалноста и фактот колку може да бидат ограничени мировните процеси. Ваквата реалност имала негативен ефект врз ентузијазмот за вложувања во светскиот мир, особено што UNOSOM била најскапата мисија од воспоставувањето на миротворството од 1948 г. наваму, со потрошени 997 милиони долари само во 1993 година. Присуството на ОН во Сомалија било поврзано со пропаѓањето на државната власт. И во овој случај, ОН биле под силен притисок поради сопствената неспособност да одлучат дали нејзината цел била обновување на политичкиот „status quo“ пред избувнувањето на непријателствата или создавање на потполно нова ситуација. И, како и со ONUC во Конго, мировниците дејствувале и во улога на одржување на мирот (peacekeeping) и во наметнување на мир (peace-enforcement). Операцијата вклучувала транзиција од хуманитарна операција и миротворство до експеримент со наметнување мир. Дефинитивно, применетиот концепт се покажал како лошо дефиниран. Сомалија станала симбол за неуспех на мировните мисии и последиците од тој неуспех биле значителни. По понижувањето на меѓународните напори на почетокот на 1990-тите, ентузијазмот за следни интервенции на ОН бил намален. Значајноста на настаните во Могадишу и катастрофалните последици придонеле кон слабата решителност на Советот за безбедност на ОН да преземе какви било пресудни чекори подоцна, односно за ставање крај на геноцидот во Руанда во 1994 година. Сомалија продолжила да им се спротивставува на „правилата“ на меѓународниот систем, и останала да биде територија без државност. Мировниците биле повлечени од мисијата во 1995 година.

М.С.



# Експанзија на терористичката група „Сојузни демократски сили“ – **АДФ во Источна Африка**

АДФ е терористичка и транснационална организирана криминална група, поврзана со Исламската држава, која дејствува на територијата на Источна Африка. Последните неколку години земјите во Африканскиот регион се свесни дека терористичката група „Сојузни демократски сили“ – АДФ (ADF), ја проширува својата база за регрутирање од традиционалниот базен на борци од Конго и Уганда до Кенија и Танзанија

Додека Демократска Република Конго (ДРК) се подготвува да се приклучи на Источноафриканската заедница, се појавува нова причина за загриженост. Имено, во јануари 2022 година, еден Кениец е уапсен во североисточниот град Бени на ДРК од страна на Вооружените сили на Демократска Република Конго. За време на испрашувањето, слаткоречивиот Салим Мохамед признава дека тој и двајца пријатели мигрирале од Кенија во Јужна Африка преку ДРК во потрага по подобра егзистенција. Нивното возило било нападнато од бунтовниците, кои ги држеле додека не биле заробени од ФАРДЦ. Но, она што останува нејасно е каде се двајцата наводни пријатели на Мохамед. А, она што е јасно е дека Мохамед е член на АДФ кој има искуство во соработка со Исламската држава во Мозамбик, Сомалија, Турција и Сирија. Тој е со досие во кое се наведени обвиненија за тероризам во Кенија, од кои е ослободен со кауција. Во 2020 година успева да се извлече без судење. Тогаш полицијата го прогласува за исчезнат, вооружен и опасен и нуди награда од 10 000 000 KES (88 000 американски долари) за информации за неговото место на живеење. На денот на неговото апсење, на интернет се појавува и графичка снимка од Мохамед и уште двајца со ознаки од АДФ. На сликата се гледа тројката како надгледува дете на возраст од околу пет години и како обезглавува мртов човек. Во првата недела од февруари 2022 година, и тоа во Бени, ФАРДЦ апси тројца членови на АДФ кои по потекло се од Танзанија. Тогаш портпаролот на ФАРДЦ, Ентони Мвалушај, изјавува дека за првпат државјани на Танзанија ќе бидат приведени како дел од терористичката група. Една недела подоцна и Зазрад Саиди, жена од групата од Танзанија, е исто така уапсена во Бени. Во контекст на ова, како и врз основа на интервјуата со органите за спроведување на законот во регионот излегува на виделина дека АДФ регрутирала членови и од Руанда и од Бурунди. Аналогно на ова се докажува и дека АДФ е класичен пример за криминална група „нексус“, која е и терористичка и транснационална организирана криминална група. Формирана е во 1995 година како незадоволна коалиција на бунтовничките сили, решени да ја

соборат владата на претседателот на Уганда Јовери Мусевени. Групата се повлекува во источниот дел на ДРК, каде што со години го дестабилизира регионот, од а од 2013 година наваму убива околу 6.000 цивили. Од 2016 година наваму АДФ се трансформира во терористичка група поврзана со Исламската држава. Во 2012 година во своите редови брои околу 1.300 борци, а бројките варираат поради воените операции против групата. АДФ, исто така, соработува со Ал Шабаб преку обука на млади луѓе во нејзините кампови и нивно испраќање во Сомалија да се борат. Затоа, и во март 2021 година, групата е додадена на листата на странски терористички организации на Владата на САД. Во текот на 2021 година, кога нападите на АДФ се интензивираат во источна ДРК, терористичката група го насочува својот интерес кон Уганда. Има и неуспешен атентат на министерот за транспорт на земјата, генералот Катумба Вамала, како и обид за самоубиствен бомбашки напад за време на погребот на поранешниот заменик-генерален инспектор на полицијата, Пол Локеч.

На почетокот на октомври 2021 година, Исламската држава презема одговорност за напад на полициска станица во Кампала, за кој полицијата соопштува дека го спречила. Во средината на октомври 2021 година, Обединетото Кралство издава предупредување дека терористите веројатно ќе извршат неселективни напади во Уганда. Неколку дена подоцна, уапсени се 13 лица кои се поврзуваат со АДФ, меѓу кои има еден свештеник и еден инженер.

На 16 ноември 2021 година, во две самоубиствени експлозии во центарот на Кампала загинуваат четири лица, а 33 се повредени, а полицијата демонтира две бомби.

АДФ е и транснационална организирана криминална група. Додека нејзината „опашка“ е испреплетена во незаконски деловни активности во источна ДРК, нејзината глава е вградена во Уганда преку финансирање на терористичкиактивности и перење пари. Групата оргамнизирана во ДРК, профитира од оданочувањето на нелегалното производство на дрво во Ерингети и рудниците за злато во близина на селото Биалосе покрај реката Лесе. Мотивот на АДФ е чист терор, тие ги тероризираат заедниците и ги бркаат луѓето од нивните земји за да имаат пристап до рудниците. АДФ контролира многу рудници на северот на Бени и делумно ги финансира своите активности со нелегален извоз на други минерали како што се волфрамит, колтан и каситерит. Ова само го потврдува фактот дека примарен мотив на групата е организираниот криминал, потпомогнат со тактики на тероризам. Деловните луѓе во индустријата за нафта и недвижнини во Уганда, финансираат и перат приходи од терористичката група. Ова е потврдено со фактот дека во октомври 2021 година се упасени тројца лица обвинети за финансирање на ADF во износ од 1,8 милијарди УСД (506 000 УСД).

Источноафриканската заедница има цел да го подобри регионалниот пазар, да создаде царинска унија и единствена валута и да создаде политичка федерација меѓу нејзините земји членки. Ако ова се реализира и се поддржи преку приклучување на ДРК, ќе се овозможи слободно движење на Источноафриканците низ еден многу поширок регион. АДФ ќе може да ги искористи овие достигнувања за своја цел, бидејќи транснационалниот организиран криминал напредува со самиот развој. Движењето на оружјето и на борците, исто така, би било полесно, што би можело да го олесни растот и нападите на групата во Источна Африка. Ова е во согласност со експанзионистичката агенда на Исламската држава за создавање провинции ширум светот. ДРК признава дека се соочува со сериозни безбедносни проблеми во нејзините источни региони и е заинтересирана за регионални напори да се справи со долготрајниот конфликт. Источноафриканската заедница нема да има корист од огромната вредност што ДРК ја носи на економскиот блок, освен ако не се справи со засилената закана од АДФ.

Затоа, шефовите на државите од Источна Африка треба да се договорат за заеднички пристап за распарчување на АДФ. А, како прв чекор во таа насока, регионот треба да ја ревидира својата антитерористичка стратегија и да подготви стратегија за организиран криминал за земјите членки.

м-р Билјана Поповска

*(од Мохамед Дагар, регионален координатор за Источна Африка, ENACT, ISS Најроби, Ричард Челин, виш истражувач, ENACT, ISS Преторија и Мохамед Хаџи, слободен истражувач за борба против тероризмот https://issafrica.org/iss-today/expansion-of-the-allied-democratic-forces-should-worry-east-africa)*







# СВЕЧЕНО ЗАВРШУВАЊЕ НА КУРСОТ ЗА ПОСТАРИ

Од 14 април 2022 до 24 јуни 2022 година во Командата за обука и доктрини во Велес започна со реализација Курс за постари подофицери, кој за прв пат се одржува во Армијата на Република Северна Македонија. Самиот курс претставува највисоко школување за подофицерите во рамките на Армијата и, според градација, се рангира како нешто помеѓу курс за први подофицери и подофицерска академија која се завршува во некоја од државите НАТО членки, најчесто во Р. Хрватска и во САД

Целта на Курсот е оспособување на подофицерите за вршење на должноста главен подофицер на баталјон, успешно работење во рамките на команден тим на ниво баталјон, а воедно претставува и подготовка за упатување на некоја подофицерска академија. Услови за упатување на подофицерите од Армијата на овој курс беа: подофицерот да има чин постар водник 1. класа, последните две службени оценки да му се „се истакнува“ или „особено се истакнува“, оценката по физичка подготвеност да му е минимум „добар“, да има познавање на англискиот јазик и да добие препорака-мислење од главниот подофицер на баталјонот или на самостојна чета, од каде што подофицерот, како иден слушател, би бил упатен на Курсот. Непосредно одговорен за организацијата и реализацијата на Курсот беше поручникот Јасмин Браховиќ, командир на Наставната чета за обука на подофицери, заедно со неговиот инструкторски тим, кои дадоа огромна поддршка успешно да се реализираат сите активности кои беа предвидени со планот и програмата на Курсот, којшто траеше 50 работни дена или, вкупно, 300 наставни часа.
Курсот, официјално започна на 14 април 2022 година, со пристигнувањето на слушателите во Центарот за индивидуална обука во касарната „Алексо Деминиевски-Бауман“ во Велес, по што следуваше формирање на наставната група и свечен почеток на Курсот. Планот и програмата за Курсот за постари подофицери се состоеше од пет предмети: Ошти воени знаења, Лидерство и етика, Подофицерски






одговорности, Воени вештини и Основна воена терминологија на англиски јазик. Секој предмет опфаќаше слушање на наставата по теми и полагање на писмен тест, одделно за секој предмет. Во рамките на предвидените теми се реализираше теоретско предавање со практични вежби. Една од практичните вежби беше теренската вежба на тема „Оперативниот дизајн на Дојранската битка (1915 – 1918 година)“, која се реализираше во реонот на Дојран. Како новини коишто беа воведени во Курсот беа: изработка на проектни задачи, пишување на есеј по теми, конструктивна дискусија со цел размена на мислења и искуства, што значително придонесе за подобро меѓусебно запознавање на слушателите и формирање на поширока перцепција за военото работење.Секој предмет ги збогати слушателите со нови знаеања, така што, на пример, со предметот Воени вештини, подофицерите се стекнаа со потребните знаења за успешно вршење на должноста главен подофицер на баталјон, додека полагањето на предметот Основна воена терминологија на англиски јазик, само ја потврди потребата од соодветното познавање на овој јазик.

После успешно положените предмети на 24 јуни 2022 година, следуваше свечено затворање на Курсот за постари подофицери.  На  слушателите на Курсот им беа доделени сертификати за успешно завршен курс од страна на командантот на Центарот за индивидуална обука, потполковникот Виктор Еркиќ. На свеченото затворање на Курсот присуствуваа главниот подофицер на Армијата, главен наредник Бране Петревски и главниот подофицер во Командата за операции, главен наредник Џоскеј Петровски, кои со своето присуство ја збогатија свеченоста. Врз основа на покажаните резултати од положените предмети, беше извршено рангирање на слушателите, каде што треторангиран беше постариот водник 1. класа Љупчо Милановски, второрангиран беше постариот водник 1. класа Стојан Гацов, додека за прворангиран на Курсот беше прогласен постар водник 1. класа, Виктор Крстевски. На тројцата најдоброрангирани слушатели им беше врачен сертификат за соодветното рангирање, додека главниот подофицер на Армијата, главен наредник Бране Петревски, на прворангираниот слушател, Виктор Крстевски, му врачи и сертификат и монета („coin“) на подофицерски кор на Армијата за најдобро рангиран слушател. Потоа, прворангираниот слушател, постариот водник 1. класа, Виктор Крстевски, одржа пригоден говор, преку кој во име на сите слушатели, им се заблагодари на Командата за обука и доктрини, на Центарот за индивидуална обука и на сите соработници за добиената поддршка, а посебна благодарност упати до командирот на Четата за обука на подофицери, поручникот Јасмин Браховиќ и до неговиот тим на инструктори. Прворангираниот слушател, Виктор Крстевски, истакна дека подофицерите во Армијата имаат цел, мисија и критериум, каде што целта е изградба на подофицерски кор и поддршка на подофицерите. Мисијата се состои од грижа за потчинетите, поддршка на офицерите и оспособување на нови лидери како основа од каде што ќе се црпат кандидатите за идните први и главни подофицери. Под критериуми за успешно работење на еден подофицер се подразбира предавање на подобрена и унапредена состојба на лицето коешто ќе го смени на должност, односно предавање на подобра состојба од онаа којашто ја наследил и ја примил од својот претходник.На крајот од говорот следуваше силен аплауз, пригоден коктел и безбедно враќање на слушателите во нивните матични единици. По завршувањето на овој курс, подофицерите ќе бидат поподготвени за успешно извршување на новите должности и за справување со нови предизвици.

Јасмин Браховиќ
Виктор Крстевски



#НИЕСМЕНАТО
#НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО

# 30 години Армија

## Република Северна Македон

**БЕЗБЕДНОСТ • СТАБИЛН**

# ДОВЕРБА

#НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО
#НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО #НИЕ
#НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО #НИЕСМЕНАТО

ија

ност

# А



# Самоодна хаубица „CAESAR“ 6x6







Француската самоодна хаубица „CAESAR“ е развиена како приватен проект на компанијата „GIAT“ (денес „Nexter“). Акронимот CAESAR значи ,,CAmion Equipe d'un Systeme d'Artillerie” или камион опремен со артилериски систем. Артилерискиот систем „CAESER“ беше дизајниран да ги исполни барањата за обезбедување огнена поддршка на силите за брзо распоредување, односно да се создаде доволно лесен самоoден артилериски систем кој може да се превезува со транспортните авиони „C-130 Hercules“ или „A400M“. Благодарение на вградената современа опрема, како што се навигацискиот систем, балистичкиот компјутер и системот за управување со огнот, екипажот на секое возило самостојно може да одреди каде се наоѓа и да ги пресмета сите потребни елементи за гаѓање, што придонесе за менување на доктрината и тактичката употреба. Воедно, системот е така проектиран што за нецели 2 минути може да заземе борбена позиција, да дејствува со 6 гранати и да ја напушти борбената позиција, што дава поголема можност за преживување на боиштето. „CAESAR“ за првпат беше претставен во 1994 година. Во времето на неговото воведување, концептот на артилериски систем монтиран на камион беше многу необичен. Првичните пет системи до француската армија за евалуација биле предадени во 2003 година, додека првите сериски производени возила биле испорачани во 2007 година. Прототиповите на артилерискиот систем „CAESAR“ беа базирани на шасија од камионите „Mercedes-Benz Unimog U2450L“ 6x6, додека сериските произведени системи за француската армија се поставени на камионската шасија од „Renault Sherpa 5“ 6x6. Во предниот дел на возилото е сместен погонот, па потоа оклопната кабина за екипажот. Позади кабината, лево, се поставени 2 магацини за сместување на 18 барутни полнења за артилериските проектили, а од десната страна се поставени 2 магацини за сместување на 18 артилериски проектили. На задниот дел е поставена хаубицата „TRF1/ 52“, со калибар 155 mm (насочена кон кабината), а на крајот е поставен голем стабилизатор (воедно и платформа за екипажот). „CAESAR“ има челична оклопна кабина со тежина од 400 kg, која ги штити петте членови на екипажот за време на патувањето, обезбедувајќи заштита од лесно огнено оружје со калибар од 7,62 mm (Ниво 2 STANAG 4569), минска заштита (Ниво 2 б), од шрапнели на артилериски гранати со калибар од 155 mm (на далечина од 5 m) и од импровизирани експлозивни направи (50 kg на далечина од 5 m). На покривот од кабината за самоодбрана, по потреба може да се монтира тежок митралез со калибар од 12,7 mm.
Од опрема се вградува чекрк за извлекување, клима уред во кабината, помошен генератор за струја, помошен оптички нишан за непосредно гаѓање, радар за мерење на брзината на проектилот „Intertechnique RDB4“, за комуникација и размена на податоци е вграден радиоуредот „THALES PR4G“, за навигација е вграден инерцијалниот навигациски систем „SIGMA 30“, а во комбинација е и сателитска навигација, дигиталниот артилериски систем за контрола на огнот „FAST-Hit“ и друга опрема. Инаку, артилерискиот систем е поврзан и со системот „ATLAS artillery C4I“. Хаубицата „TRF1/ 52“ поседува калибар од 155 mm и должина на цевката од 52 калибри. Управувањето на хаубицата се изведува автоматски, со помош на системот „CS2002-G“ (сместен во внатрешноста на кабината) и со помош на хидрауличен уред, но поседува и резервен рачен механизам на управување, додека полнењето на хаубицата се изведува полуавтоматски. Елевацијата на цевката е до +66°, а движењето по азимут 17° лево и десно од центарот на возилото. Освен со посредно дејство, хаубицата може да дејствува и непосредно, со елевација од -3° до +10° и со азимут од 21° лево и 27° десно. Максималната брзина на дејство е 3 гранати за 18 секунди, но само за краток временски период или 6 гранати за 1 минута при подолго време на борбено дејство.
При посредно дејство, минималниот дострел е 4.500 m, а максималниот е 42.000 m (со граната ERFB-BB). При непосредно гаѓање се дејствува до 2.000 m, со брзина на дејство од 2 гранати во минута. Хаубицата е проектирана да ги користи сите артилериски гранати по НАТО стандарди, како на пример: HE-проектили (високоексплозивни), димни, осветлувачки, но и касетниот проектил „OGRE”, кој поседува 63 мали бомби, противоклопниот касетен проектил „BONUS”, опремен со две кумулативни интелигентни субмуниции, наведуваниот проектил „KATANA“ и касетниот проектил „Base Bleed” (ERFB-BB), кој поседува 56 мали бомби со коишто може да се дејствува до далечина од 42 km.Како основа за самоодниот артилериски систем е искористена шасијата на камионот „Renault Sherpa 5“, со дизел-моторот „Renault dCI 6“, со јачина од 240 кс, во комбинација со мануелен менувач со 8 брзини за движење напред и една брзина за движење назад. „CAESAR“ 6x6 е докажан во неколку воени конфликти, а негови корисници се армиите на Франција, Саудиска Арабија, Тајланд, Индонезија и Украина, а нарачки се направени и од Мароко и од Белгија, додека за верзијата „CAESAR“ 8x8, нарачки направиле и Чешка и Данска.

Ивица Дамески

1. Внатрешност на кабината за екипажот.
2. Дизел-мотор „Renault“.
3. Оклопна кабина која поседува оклопни стакла.
4. Позиција на оклопната кабина кој овозможува делумно расклопување, со цел дополнително спуштање на хаубицата во кабината за изведување авионски транспорт.
5. Гасна кочница на хаубицата TRF1/ 52, со калибар од 155 mm.
6. Антена.
7. Прицврстувач на цевката при транспорт (автоматски управувана од кабината).
8. Магацин за сместување на артилериските проектили.
9. Радар „Intertechnique RDB4“ за мерење на почетната брзина на проектилот од гранатата.




**10.** Навоен затворач на топот со хидрауличен систем како погон за движење (вграден е и сензор за температура на цевката за да не дојде до ,,прегревање" на гранатата).

**11.** Глава на затворачот за активирање на гранатата (со 14 каписли).

**12.** Носач на проектилот и набивачка на проектилот во цевката.

**13.** Механизам за полуавтоматско полнење на гранати.

**14.** Голем стабилизатор, воедно и платформа за екипажот, кој на долниот дел поседува два потпирачи со запци за стабилност при стрелба, кои влегуваат во земја околу 35,6 cm.

**15.** Автоматски хидрауличен систем за големиот стабилизатор.

**16.** Надворешен контролен дисплеј/терминал поврзан со системот за контрола на огнот сместен во кабината.

**17.** На бандажите од возилото се вградени „run flat" вметнувања и централен систем за регулирање на притисокот во пневматиците кој се управува од кабината на возилото.

18. Магацин за сместување на барутните полнења за артилериските проектили.

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „CAESAR" 6X6 | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ-ПОСЛУГА | 4 до 5 војници |
| ДОЛЖИНА НА ТЕЛОТО | 10 m |
| ВИСОЧИНА | 3,7 m (2,7 m при авионски транспорт) |
| ШИРОЧИНА | 2,55 m |
| КЛИРЕНС | 0,4 m |
| ТЕЖИНА | 17,7 тони |
| ПОГОН | Дизел-мотор „Renault dCI 6" , со јачина од 240 кс |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 90 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ЗЕМЈЕНА ПОДЛОГА | 50 km |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | 600 km |
| ШИРОЧИНА НА РОВ | 0,9 m |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1,2 m |
| ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0,5 m |
| ПРЕДЕН НАКЛОН | над 40% |
| БОЧЕН НАКЛОН | над 30% |



# Германски млазни авиони од Втората светска војна (3)

**„Junkers Ju 287“**

Експерименталната употреба на бомбардерот „Junkers Ju 287“ со млазен погон била предложена во 1943 година од страна на аеронаутичкиот инженер Hans Wocke. Поставеноста на крилата била замислена нанапред (Forward-Swept Wing Configuration), за разлика од другите класични дизајни во тоа време. Ограничувањето на брзината на правите крила била причината за употреба на крилата со агол напред. Ваков дизајн обезбедувал дополнителна сила на подигање при мали брзини која била неопходна поради слабата реакција на турбомлазните авиони во фазите на полетување и слетување. Тестовите за летање започнале на 16 август 1944 година, авионот покажувал исклучително добри карактеристики на ракување, како и откривање на некои од проблемите предизвикани во одредени услови на летот од таквата конструкција на крилото. Најзабележителен од овие недостатоци било „искривувањето на крилата“. Инженерите сугерирале дека проблемот со искривување ќе се отстрани со концентрирање на поголема маса под крилата односно со поставување на четири мотори. Биле извршени вкупно 17 пробни летови кои поминале без забележителен инцидент, но со помали проблеми за турбо-млазните мотори кои се покажале како несигурни за долги летови.

Авионот бил управуван од двочлена посада, имал должина од 18.30 метри, висина од 4.70 метри и вкупна тежина на полетување од 20000 килограми. Достигнувал максимална брзина од преку 700 км на час и долет од 1570 километри. Бомбардерот требало да лета со голема брзина, истовремено да биде стабилен при негова употреба на мала брзина, а со цел прецизно да се насочи за копнениот напад. Со овој авион дизајнерот требало да обезбеди бомбардер кој можел да избегне пресретнување со голема брзина во однос на непријателските борбени авиони, се со цел подобрување на ефикасноста на „Luftwaffe“ (компонента на германските вооружени сили задолжени за воздушна одбрана на Германија и исполнување на обврските за воздушна моќ на земјата во странство).

Со оглед дека материјалите и елементите за производство на авиони недостасувале или биле сосема ретки, производствениот погон на Junkers Ju 287 бил направен за чување делови од оштетени авиони и нивна повторна употреба во производството. Развојот првично започнал како тест, а неговото финално уредување било толку необично затоа што се користеле делови од други воздухоплови (преден дел од кабината, главни тркала без вовлекување, труп на воздухопловот и слично). Фиксната опрема за слетување била една нетипична карактеристика на „Ju 287“, чиј дизајн исто така бил наметнат поради материјалите и опремата што можела да се повлече за складирање во текот на летот. Револуционерниот дизајн на крилата на „Junkers Ju 287“ биле единствените делови од брзиот бомбардер кои не биле направени од

претходно користен материјал. Фабриката Junkers била завземена од Црвената армија кон крајот на април во 1945 година. Првичните прототипови на „Junkers Ju 287“ се уништени од нацистите за да се избегне запленување од сојузничките сили, а инженерот Hans Wocke и неговиот персонал биле заробени од Црвената армија и однесени во Советскиот Сојуз. Американските трупи во мај 1945 година им се восхитувале на прототиповите за новиот авион-бомбардер со долг долет. Оваа технологија подоцна влијаела на авијацијата ширум светот, особено во САД, во Русија и во Обединетото Кралство, кои изградиле свои прототипови и финални верзии.

## „Horten Ho 229“

Во раните 1930-ти, браќата Horten се заинтересирале за дизајн на летачките крила како метод за подобрување на перформансите на едрилиците. Во тоа време германската влада финансирала клубови за едрилици бидејќи производството на воени, па дури и моторизирани авиони било забрането со Версајскиот договор по Првата светска војна. Ваквиот дизајн ја отстранил потребата од опашен стабилизатор и поврзаните контролни површини, користејќи крила кои се релативно кратки и цврсти. Стелт-технологијата и не била толку нова технологија ако се има предвид дизајнот за најнеобичните борбени летала тестирани за време на Втората светска војна. Таков модел бил авионот „Horten Ho 229“, еден од спектакуларните тајни авиони, а воедно и првиот стелт-бомбардер во светот. Овој авион е првото летачко крило кое се напојувало со млазни мотори. Авионот за прв лет полетал на 1 март 1944 година, а германското Министерство за воздухопловство издало налог авионите да се произведуваат како воздушни бомбардери за копнени цели и како борбен ловец за борба „воздух-воздух“. Конвенционалните германски бомбардери можеле да стигнат до сојузничките командни центри во Велика Британија, но претрпувале катастрофални загуби од сојузничките воздухоплови. Талентираните дизајнери и искусните пилоти на борбени авиони ги проучувале можностите на дизајните на крилата на авионите, користејќи принципи на аеродинамички едрилици. Неговиот респектабилен распон поставен station наназад под агол од 32 степени и без опашен вертикалец, му овозможувале на „Horten Ho 229“ да го надмине американскиот „P-51 Mustang“ и британскиот „Supermarine Spitfire“ во тоа време. Иновацијата и инженерството на овој модел биле години нанапред пред тогашниот развој во тоа време. Значајна тајност за работата на радарот, како и начините за избегнување на откривањето биле спроведени во германските лаборатории за време на Втората светска војна (радарот работи на тој начин што добива повратен сигнал рефлектиран од цврст објект, а јачината на сигналот е пропорционална на набљудуваната видливост на објектот). Идејата зад овој напреден воздухоплов била да се исполнат барањата „3×1000“, односно да се дизајнира авион со способност да носи 1000 кг бомби, за долет преку 1000 км, летајќи со брзина од 1000 км на час. Само млазните мотори можеле да ја обезбедат брзината, но нивниот дизајн барал голема потрошувачка на гориво, па во тој случај морало да се направи значителен напор за да се исполни условот за долет. На овој авион му недостасувале сите надворешни контролни површини за да се намали тежината и да се намали отпорот кои биле основата на летачкото крило. Додека Втората светска војна се приближувала кон крајот, САД ја започнале операцијата „Paperclip“ за собирање детали од германското истражување за оружје, со цел да се спречи технологијата да падне во рацете на Советскиот Сојуз. Авионот „Horten Ho 229“ после заплената бил транспортиран во САД. Оваа технологија на летачките крила била искористена и постојано се развивала во следните аеронаутички дизајни, во обид да се подобри ефикасноста на воздухопловите.

Драган Павловски







# „PARS III“ 6x6 – оклопно борбено возило на тркала

Оклопното борбено возило „PARS III“ 6x6 – WACV (Wheeled Armoured Combat Vehicle) е борбено возило на тркала, произведено од воената индустрија на Република Турција. „PARS III“ 6x6 е развиено со посебен акцент на мобилноста, заштитата, носивоста и потенцијалот за раст. Опремено е со најсовремени технологии за производство на оклопни возила, со цел да се добијат перформанси и издржливост кои одговараат на оперативните барања на модерните армии

Оклопното борбено возило „PARS III“ 6x6 – WACV е развиено од производител на воена опрема компанијата „FNSS Savunma Sistemleri AS“ од Република Турција, истото е наменето за сите временски услови и дизајнирано да ги исполни идните побарувања на армиите ширум светот. Системот за управување со предната и задната оска на возилото „PARS III 6x6“ му дава најмал радиус на вртење во споредба со возилата од својата класа. Способноста за постепено намалување на аголот на управувачот на задните оски и нивното блокирање на одредени брзини, заедно со системот ABS – Anti-Block System и моторната сопирачка, придонесуваат за зголемена безбедност при возењето.

## Развој на „PARS III“ 6x6 – WACV

Семејството возила PARS е во служба во вооружените сили на Република Турција од 2000 година. Возилата последователно поминаа низ серија надградби врз основа на променливите потреби на вооружените сили и војување. Компанијата FNSS започна со дизајн студии на III 6x6 -WACV со цел да ги исполни идните барања на турските копнени сили. Возилото е развиено во рамките на проектот за оклопни борбени возила од новата генерација инициран од претседателството на одбранбената индустрија на Република Турција. Оклопното возило PARS III 6x6 -WACV е дизајнирано со отворена архитектура, која обезбедува интеграција на низа опрема и системи за потребите на мисијата. Тој нуди оптимална комбинација на ергономија на корисникот, преживување на екипажот и мобилност.

Модуларното тело на оклопното возило дополнително овозможува повеќекратни конфигурации, вклучувајќи пешадиско борбено возило, оклопен транспортер,



командно и контролно возило, борбено инженерско возило, CBRN возило и recovery возило.

## Дизајн и карактеристики„ PARS III“ 6x6 – WACV

Во предната кабина (возачкиот дел) може да се сместат двајца членови на екипажот, кој нуди видно поле повеќе од 180° како и висока свесност за ситуацијата, истовремено обезбедувајќи оптимално ниво на безбедност и удобност при возењето. Големите стаклени перископи на предниот дел на возилото заедно со термалните камери на задниот и предниот дел обезбедуваат широко видно поле за командирот и возачот. Системите за набљудување му овозможуваат на екипажот безбедно да извршува различни задачи без притоа да ги отвора. Капаците на вратите, седиштата за персонал, држачите за пушки и елементите за внатрешно осветлување се дизајнирани да обезбедат максимална удобност на екипажот во возилото, во кое може да бидат сместени до девет лица. Со автономија на опсег од над 800 km, PARS III 6x6 има резервоари за гориво кои вклучуваат специјални мерки за заштита од експлозија и пробивање, а оклопниот резервен резервоар за гориво е исто така достапен во итни ситуации. Благодарение на системот за управување со сите тркала, секое тркало е опремено со пневматска сопирачка и систем ABS (anti-lock braking system), кој обезбедува одлична контрола при патување по стрмни и нерамни површини. Нискиот радиус на вртење на возилото, (возилото кое има можност да се врти во радиус долг колку неговата должина) обезбедува голема маневрирање во тесни простори и лесно може да маневрира во урбаните средини.

| СПЕЦИФИКАЦИИТЕ НА ОВА ОКЛОПНО БОРБЕНО ВОЗИЛО СЕ: | |
|---|---|
| БОРБЕНА ТЕЖИНА | 25.000 кг |
| ДОЛЖИНА | 7 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,9 метри |
| СЕВКУПНА ВИСИНА | 2,4 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Според побарувањата на корисниците |
| ПОСАДА | 9 војници |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 800 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 100 km/h |
| ТРАНСМИСИЈА | Fully Automatic, 7 speed forward, 1 speed reverse |
| РАДИУС НА ВРТЕЊЕ | 7 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0,7 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 1,7 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | Опционално |



## Вооружување и самозаштита на „PARS III“ 6x6

Благодарение на модуларниот дизајн на трупот „PARS III“ 6x6 и на неговиот пакет со оклоп, возилото има супериорна заштита во својата класа од балистички закани, заштита од мини и импровизирани експлозивни направи (IED). Нивото на заштита на возилото може да се приспосби на барањата на клиентите.
Куполи управувани со посада, како и далечински управувани вооружени станици вооружени со ракетни системи од различни типови и различно потекло може да се интегрираат на возилото согласно побарувањата на корисниците. Борбената тежина на „PARS III“ 6x6 е 25.000 kg и се напојува со дизел мотор. Пакетот се состои од дизел мотор на водено ладење, поврзан со целосно автоматски менувач кој овозможува максимална брзина на патот до 100 km/h. „PARS III 6x6 е способен да маневрира на 60% вертикална и 30% странична падина, да совладува вертикални пречки високи 0,7 метри и да поминува ровови широки 1,75 метри. Благодарение на уникатниот дизајн со локацијата на напојниот пакет и оптималната рамнотежа на тежината, возилото има речиси еднакво оптоварување на секоја оска. Овој дизајнерски пристап му дава на возилото способност да се движи удобно дури и на лабав и мек терен, обезбедувајќи максимална контрола при голема брзина и кратки растојанија на сопирање. Возилото има возни карактеристики 6x6, а сите негови оски може да се заклучат кога е потребно. Централниот систем за надувување на гумите му овозможува на возачот да го прилагоди притисокот во гумите според различните услови на теренот. Формата на трупот, структурата на долниот дел, основните плочи и специјално развиените седишта отпорни на мини се дизајнирани да го заштитат персоналот од закани од мини на високо ниво. Возилото „PARS III“ 6x6 е напред за разлика од своите конкуренти, нудејќи нивоа на балистичка и минска заштита слични на возилата MRAP, додека ги одржува борбените и подвижните карактеристики на модерните оклопни борбени возила. Имајќи ги предвид техничките карактеристики кои еволуирале според денешните потреби и барањата на сојузничките армии, возилото кое е дизајнирано и целосно произведено со сопствени ресурси на компанијата „FNSS“ е во употреба од страна на копнените сили на армијата на Република Турција. Возилото може да се транспортира по воздушен пат со „C130H“, „A-400“, „C-17“ и „C-5“ транспортни авиони.
Модуларното поврзување на потсистемите на возилото со трупот отпорен на мини обезбедува лесно одржување и замена на истите. Овој вид

на лесно одржување и лесната замена на подвижните делови и особено системите за пренос на енергија, посебно ги прават возилата „PARS III“ 6X6 и 8×8 се супериорни во однос на нивните конкуренти од истата класа. Архитектурата на пакетот за напојување (Powerpack), која може да се расклопи и повторно да се состави за помалку од 60 минути, му дава на корисникот слобода да го замени моторот додека е на терен, обезбедувајќи извонредна придобивка и максимално ниво на подготвеност во борбени ситуации.
Возилото има интегриран систем за климатизација, кој дури и во пустински услови ја одржува внатрешната температура на возилото на +25°C.
Специфични карактеристики на мисијата: 2 термални камери и 3 CCD-камери напред и назад, што му обезбедува на возачот/командантот висока свест за ситуацијата; управување со предна и задна оска; погон на сите тркала; систем за сопирање против блокирање (ABS); централно надувување на гумите (CTI) и вметнати гуми; Интегриран пакет за преживување; модуларност што дозволува употреба на заеднички компоненти; независна и хидро-пневматска суспензија; интегрирана помошна единица за напојување (APU).
Елементите кои ги одредуваат оперативните способности на „PARS III“ 6x6 на терен: заштитата, огнена моќ, мобилност и електронска инфраструктура беа прилагодени на сегашните услови. Благодарение на неговата модуларна структура, „PARS II“I 6x6 е дизајниран да може да се произведува во различни варијанти кои можат да послужат како борбено возило на пешадијата, извидувачко возило, командно и контролно возило, оклопен транспортер, CBRN и возила за извлекување.

**Варијанти**:

– „PARS 6×6 ICV“ – возило за транспорт на пешадија

Варијантата возило за транспорт на пешадија ICV е конфигурација на „PARS 6×6 FoV“. Возилото е вооружено со митралез 7.62 или 12.7mm MG, како и капацитет за сместување на 8 војници вклучувајќи и возач, командир и нишанџија.

– „PARS 6×6 SRV“ – возило за надзор

Конфигурацијата SRV е варијанта на возило за надзор на „PARS 6×6 FoV“. Возилото е опремено со електро-оптички јарбол, радар за надгледување на бојното поле и вооружено со далечинска вооружена станица со митралез 12,7 мм. Има капацитет да носи 5 лица, вклучувајќи возач, командир, нишанџија и уште две лица за надзор.

– „PARS 6×6 IFV 25“ – борбено возило на пешадијата

Варијантата IFV 25 е конфигурација на пешадиско борбено возило на PARS 6×6 FoV`. Возилото е вооружено со 25 мм Sharpshooter купола со едно лице и капацитет да носи 7 лица, вклучувајќи возач, командир и нишанџија.

– „PARS 6×6 IFV RTC“ – борбено возило на пешадијата со далечински управувана вооружена станица

Варијантата „IFV RTC“ е пешадиско борбено возило со конфигурација на купола со далечински управувана вооружена станица „PARS 6×6 FoV“. Возилото е вооружено со 25 или 30 mm CLAW купола со далечински управувана вооружена станица и капацитет за носење 8 лица, вклучувајќи возач, командир и нишанџија.

– „PARS 6×6 AAV“ – противоклопно возило

Варијантата „AAV“ е конфигурација на противоклопно возило Anti Armor Vehicle на PARS 6×6 FoV`. Противоклопниот лансер на гранати ATGW (Anti Tank Guided Missile) е поставен на врвот на трупот. Во возилото може да се складираат 10 гранати ATGW. Има капацитет да носи 4 лица, вклучувајќи возач, командир, нишанџија и натоварувач.

– „PARS 6×6 CBRN-RECCE“ – возило за АБХ-извидување

Варијантата „PARS 6×6 CBRN-RECCE“ е напреден систем за лоцирање, идентификување и класификација на сите CBRN-агенти и опасности. Возилото е вооружено со далечинска управувана вооружена станица опремена со митралез 7,62 или 12,7 мм MG и капацитет за носење 4 лица, вклучувајќи возач, командир/стрелец и 2 лица персонал за операции на CBRN.
Возилото е произведено според барањата на различните сојузнички армии, комбинирано со високите способности за мобилност на семејството PARS. Со својот капацитет да се приспособи на сите видови еколошки услови и да се соочи со повеќебројните закани за кратко време, возилото со тркала „PARS III“ 6x6 е воведено за должност како една од најзаштитените конфигурации на своето семејство.

Идриз Идризоски








# 10 највлијателни пиштоли и револвери на сите времиња

Денес на пазарот има широк спектар на различни пиштоли и револвери, од ултра компактни мини-револвери до софистицирани полуавтоматски пиштоли. Но, ако се направи „ДНК“ на повеќето модерни револвери и пиштоли, ќе се види дека огромното мнозинство го следи нивното потекло назад до некои заеднички предци. Секако, сите имаат различни карактеристики и спецификации, но историјата на овие одлични револвери и пиштоли е видлива, практично во секое модерно рачно оружје што денес се нуди на продажба

Ќе го следиме потеклото на денешните врвни пиштоли и револвери за да утврдиме кои огнени оружја помогнале да се обликува нашата модерна концепција за тоа што треба да биде пиштол, односно револвер. Сепак, тешко е да се изберат само 10 пиштоли и револвери. Може да се следи историјата на огненото оружје со векови наназад, но за нашите намери и цели, ќе се држиме до оружјата од модерната ера на бесчадниот барут со оние од средината на деветнаесеттиот век и понатаму. Тоа сè уште не е кратка листа, а изборот на оружја што заслужуваат место не е лесен. Понекогаш е тешко да се процени влијанието на оружјето врз другите модели, понекогаш тоа е прашање на механички дизајн, понекогаш естетика, а понекогаш тоа е калибарот, капацитетот или некоја нијанса што лесно може да остане незабележана. Така, подолу се нашиот избор на десетте највлијателни револвери и пиштоли на модерната ера.

**1.** Пиштолот „Валтер“ ПП/ППК бил компактен, безбеден, сигурен полуавтоматски пиштол, идеален за лична одбрана. Пиштолот „Валтер“ зазема значајно место во историјата на огненото оружје како прв комерцијално успешен полуавтоматски пиштол со двојно дејство. Исто така, вовел мноштво нови функции кои ќе станат вообичаени за подоцнежните пиштоли. Тој работи на систем на директен повратен удар и двојно/единечно дејство со двојно дејство при повлекување на чкрапалото за првиот истрел и лесно повлекување на чкрапалото за единечно дејство за следните истрели. Овој тип на дејство го поставил стандардот за производители на пиштоли со двојно дејство ширум светот во текот на изминатите 90 години. Карактеристиките вклучуваат видлив удирач, индикатор на состојбата со пополнетоста на рамката со муниција, сигурносен блок за удирачот и лост со комбинација на сигурно/деактивирано, кој сè уште најчесто се наоѓа на многу полуавтоматски пиштоли со двојно/единечно дејство. И покрај 90 години нови дизајни. „Валтер“ ПП/ППК станал златен стандард за џебни полуавтоматски пиштоли, и сè уште има многу луѓе кои го носат својот „Валтер“ секој ден.

**2.** Револверот кој го освои Западот, познат и како „Colt Single Action Army – Colt SAA“, Model P – „Peacemaker“ („Миротворец“), „M1873“ и „Colt .45“ на компанијата „Колт“, им го донесе

на масите репетирачкиот револвер со единечно дејство. Тој бил дизајниран да работи на сличен начин како и претходните модели на црн барут на „Колт“, но во 1873 година бил дизајниран од основа за ракување со цилиндар со шест куршуми. Дизајнот функционирал многу добро, а 1873 година станала симбол на ширењето на Америка кон Запад. Бил стандарден воен револвер сѐ до 1892 година, а го носеле и припадниците на законот, ранчерите и одметниците од законот. „Колт“ се произведувал во верзии за преку 30 различни калибри и со различни должини на цевката. Функционално, пиштолот останува камен-темелник за дизајнот на речиси сите нови револвери со единечно дејство и во голема мера на дизајнерската естетика на модерниот револвер со двојно дејство. Благодарејќи на филмскиот жанр „вестерн“, овој револвер станал една од иконите на американската култура и веројатно најпознат од сите револвери кои некогаш се направени. Една од најпознатите личности

капацитетот на рамката за муниција од 13 куршуми, речиси двојно поголем од другите дизајни во тоа време, како што се Лугер или „Колт М1911“. Пиштолот „Hi-Power“ е еден од најкористените воени пиштоли во историјата, користен од вооружените сили на околу 90 земји. Иако повеќето пиштоли биле произведени во Белгија од страна на „ФН“, лиценцирани и нелиценцирани копии биле произведувани низ целиот свет. Континуираното производство на „Hi-Power“ било прекинато на почетокот на 2018 година, но клонови сѐ уште се произведуваат во неколку земји, вклучувајќи ги Индија и Турција.

**4.** Георг Лугер го дизајнирал и го патентирал својот полуавтоматски пиштол во 1898 година и, иако имал единствено механичко решение, пиштолот бил огромен чекор напред во доменот на дизајнот на полуавтоматските пиштоли. „Лугер П08 Парабелум“ е чудо од пиштол од повеќе причини. Пред сѐ, можеби е најдобар за пукање од сите пиштоли со калибар 9x19мм, бидејќи

модерното производство на оружје, а неговата компактна линија на револвер „Ј-рамка“ го промени начинот на кој се размислува за пиштолите со цилиндер. Во 1950 година, бил претставен револверот со калибар .38 „Специјал“ и станал златен стандард за џебни револвери. Бил многу сигурен, а .38 бил одличен дефанзивен куршум. Тој станал револвер на избор за тајните детективи и за заштита на многу американски домови од средината на дваесеттиот век до денес. Димензиите и дизајнерските елементи на Ј-рамката се копирани од други производители, а револверот изгледа неверојатно како и во 1950-тите години, што е добар показател дека револверот тогаш бил мошне добар. Денес, сепак, „Смит и Весон“ имаат додадено многу нови опции и нови дизајни.

**6.** Секако дека и пиштолот „Колт М1911“ со калибар .45 АЦП, има место на нашата листа. Дизајнот е стар повеќе од еден век но, сепак, има повеќе компании кои го прават







која го користела револверот бил американскиот генерал Џорџ Патон, кој го носел додека командувал со единиците за време на Втората светска војна.

**3.** Пиштолот Браунинг „Hi-Power“ бил последниот, одличен, дизајн на пиштол на Џон Браунинг. Се работи за полуавтоматски пиштол со единечно дејство, достапен во калибрите 9 mm и .40 S&W. Бил заснован врз дизајнот на американскиот пронаоѓач на огнено оружје Џон Браунинг, а завршен од Диодоне Сев во фабриката „ФН“ (Fabrique Nationale) во Херстал, Белгија. Браунинг починал во 1926 година, неколку години пред да биде финализиран дизајнот. Тој користел дизајн на забравена цевка со кратко повратно дејство, сличен на она што може да се најде во многу други полуавтоматски пиштоли денес, и скалесто наредени куршуми во два реда во рамка за муниција за 13 куршуми, па првично бил наречен „High Power“, што алудирал на

има идеален агол на ракофатката и совршен однос на масата кон излезната брзина на проектилот, што неговото повратно дејство при испукувањето го прави хоризонтално и по оската на цевката речиси незабележително. Димензиите му се исто така идеални во однос на калибарот на куршумот, елегантен е и лесно се носи сокриен. Принципот на работа е кратко повратно дејство на цевката и кратко повратно дејство на затворачот, но забравувањето на цевката и затворачот е решено со коленест зглоб. Се полни со рамки со седум куршуми со калибар 7,65mm „Лугер“ (првите верзии) или 9x19mm. Варијанти на „Лугер“ има многу, бидејќи е произведуван без прекин, цели 43 години: од 1900 до 1943 година. Вкупниот број на произведени примероци останува непознат, но се смета дека се работи за повеќе стотини илјади парчиња – сигурно од половина милион нагоре.

**5.** Компанијата „Смит и Весон“ има направено многу за да влијаат врз

овој дизајн на пиштол. Тоа е пиштол со најдолг век на употреба, подолго од еден век служи како сигурно и многу добро оружје и како таков станал легенда меѓу љубителите на оружјето ширум светот. Кога првично бил тестиран за воено прифаќање во 1910 година, пиштолот „М1911“, дизајниран од Џон Браунинг испукал шест илјади парчиња муниција без ниту еден дефект. Од дизајнерска гледна точка, речиси секој аспект на овој пиштол, од аголот на држење до оперативниот систем, е копиран во други огнени оружја, понекогаш суптилно, понекогаш не. И покрај тоа што веќе еден век се произведуваат понови дизајни на пиштоли, Браунинговиот „1911“ сѐ уште вообичаено се користи во многу армии.

**7.** Револверот на компанијата „Таурус“, наречен „Судија“, е дефиниран како комбиниран револвер-сачмарка со пет комори, дизајниран за патрони .410 и куршуми .45 „Колт“. Тој бил промовиран

како алатка за самоодбрана против крадење автомобили и за заштита на домот. Тој бил револвер кој им се допаднал на оние кои сакале пушка за домашна одбрана, но им требало нешто покомпактно за сокривање. Компанијата „Таурус“ со овој револвер создаде сосема нова категорија на огнено оружје. Тој е со двојно/единечно дејство, а продолжената метална прачка за исфрлање лесно ги исфрла испуканите чаури. Ребрестата гумена ракофатка го апсорбира повратниот удар и ја подобрува контролата врз оружјето. Има приспособлив заден нишан и преден нишан со висока видливост.

**8.** Пиштолот „Валтер П38“ веројатно е најпопуларниот и најмасовно употребуваниот војнички пиштол во Втората светска војна, но и долго по неа. Пиштолот бил прв масовно произведуван и употребуван пиштол со двојна/единечна акција на светот. За тоа време бил многу современ пиштол. Имал механизам за чкрапање кој располагал со двојно дејство, потоа две повратни пружини од двете страни на затварачот, сигурносна кочница на навлаката, па нов, многу успешен, систем на забравување на цевката и затварачот. Исто така имал автоматски декокер на удирачот, исто така удирачот можел да ја активира ударната игла само ако бил повлечен до крај, затварачот останувал во задна положба по испукувањето на последниот куршум, а на задната страна на затварачот над лежиштето на удирачот имало игла која станувала видлива и лесно осетлива на допир ако куршумот се наоѓал во лежиштето на цевката. Единствена забелешка која можела да му се упати од страна на тогашните корисници била непрактичната положба на копчето за утврдување на рамката за муниција која наместо од страна на ракофатката се наоѓало на нејзиното дно од задната страна. „Валтер П38“ е толку влијателен кај современите модели на борбени пиштоли, што речиси е невозможно да се зборува за нив, а да не се споредат со него.

**9.** Прикажаната за пиштолот „Глок“ веројатно на повеќето им е позната. Австриската компанија во 1980-тите развила полуавтоматски пиштол со полимерна рамка и, кога првпат бил претставен, бил проследен со многубројни критики. Го нарекувале пластичен пиштол, а некои мислеле дека „Глок“ сигурно ќе пропадне. Но, „Глок“ навистина се прослави како службено оружје. Досега, многуте доблести на „Глок“ се добро познати: овој пиштол е лесен, извонредно сигурен, прецизен, отпорен на корозија, на климатски услови и на механички дејства, ума мал број на делови, се расклопува за неколку секунди и е лесен за одржување. Освен тоа, пиштолот поседува рамка за муниција со голем капацитет, без оглед на калибарот. Денес, пиштолот е највообичаено оружје на многу полициски и армиски единици низ целиот свет. Исто така, овој модел предизвикал бран на производство на слични модели од други производители и, практично, секој производител на пиштоли сега нуди полуавтоматски пиштол со полимерна рамка.

**10.** Револверот „Модел 29“ е дел од линијата класични револвери на компанијата „Смит и Весон“ од линијата Н-рамка. Кога бил претставен, тој бил најмоќниот револвер во светот. Тој е револвер со двојно дејство и има вкупно шест куршуми, кои ја пробиваат звучната бариера на патот до целта. Оружјето доаѓало во голем број различни должини на цевката, но и покрај застрашувачкиот физички изглед на овие верзии, дополнителната должина на цевката ја зголемувала тежината на пиштолот и затоа го намалувал неговиот повратен удар. Како револвер, првенствено бил дизајниран за љубителите на револвери и кај ловците. „Моделот 29“ има моќен калибар .44 „Магнум“, кој станал познат по ликот на Калахан „Валканиот Хари“ на Клинт Иствуд од популарната серија филмови со „Валканиот Хари“. Со овој револвер, во голема мерка било проширено она што можело да се постигне и со регуларен револвер, кој некогаш се сметал за дополнително оружје за лична одбрана од непосредна близина. Популарноста на ловот со револвери пораснала со воведувањето на револверите со Н-рамка. Тоа поттикнало пораст на производство на моќни револвери, но револверите од линијата Н-рамка сè уште остануваат одлична опција, бидејќи ја балансираат моќноста на куршумот .44 „Магнум“ со податлива платформа.

Александар Стојчевски





# Осетливост на експлозивните материи на надворешни импулси



За активирање на експлозивната материја односно за отпочнување на експлозивен процес неопходно е да постои одредена количина на енергија како иницијален или почетен импулс. После задавањето на почетниот импулс, експлозивниот процес се продолжува сам од себе се додека не изреагира цела маса на експлозивното полнење. Минималната количина на енергија која е потребна за да се предизвика експлозивен процес кај некои експлозивни материи ја карактеризира нејзината осетливост. Согласно тоа доколку почетниот (иницијалниот) импулс е поголем, експлозивната материја е неосетлива и обратно. Како почетни импулси во пракса најчесто се користат следниве облици на енергија:- Механичка енергија (удар, убод, триење); Топлотна енергија (загревање, пламен); Електрична енергија (загревање на метална жица, искра или варничење);Енергија од друга експлозивна материја (иницијална каписла, детонаторска каписла, детонатор и слично).
Осетливоста на експлозивните материи несмее да биде и премногу мала затоа што за предизвикување експлозија потребна би била поголема енергија за активирање, но таа несмее да биде ни премногу голема за да може безбедно да се ракува со експлозивните материи. Количината и прагот на осетливост зависи од видот на експлозивните материи и нивните намени. Така на пример иницијалните експлозиви со чие бризантно дејство се предизвикува експлозија на помалку осетливи експлозиви мораат да бидат многу осетливи додека останатите експлозивни материи мораат да бидат неосетливи и на релативно груби надворешни влијанија како што се: оптеретувања при транспорт или удар при истрелување од огнено оружје. Потребната количина на енергија како почетен импулс не е строго одредена величина. Таа може да варира зависно од природата на почетниот импулс и карактерот на дејство на експлозивите кои се иницираат. Така на пример оловниот азид во споредба со тринитрорезорцинатот на олово има поголема осетливост на механички импулс, а помала на топлотен импулс. Исто така хексогенот во споредба со тетрилот има поголема осетливост на механички импулс а помала на топлотен импулс. Во врска со тоа познат е и фактот дека при нагло загревање на експлозивната материја може да се предизвика експлозивен процес со значително помала потрошувачка на топлинска енергија, во споредба со случај при постепено загревање. Слична појава поврзана е и за однесувањето на некои експлозивни материи спрема дејството на механичкиот импулс. При постепениот пораст на притисокот на кого е изложена експлозивната материја до експлозивен процес доаѓа после значителен потрошок на енергија и кога притисокот ќе достигне висока вредност. Експлозивниот процес кај овие материи може да се појави поради моментален јак удар при кои ќе се потроши значително помала енергија за иницирање. Тоа значи дека за иницирање важна улога има и концентрацијата на енергијата на импулсот – по време и место односно дека моменталниот удар, убод и искра се многу поефикасни од постепеното притискање или постепеното загревање. Во практичната примена на експлозивните материи од голема важност за ефектот кој треба да се постигне со експлозивниот процес е правилниот избор на почетниот импулс и по вид и по интензитет. Практиката покажува, на пример, во случај на разорни проектили, а посебно кумулативни, дека ефектот на целта може да се подобри и до 30% ако се примени најцелисходниот почетен импулс за дадениот случај. Поради тоа од посебен интерес за практичната примена на експлозивните материи е познавањето на нивната



Осетливост на експлозивната материја се нарекува нејзината способност за експлозивна преобразба, односно промена под дејство на надворешни влијанија




чувствителност на разни облици на почетен импулс и нивните физичко-хемиски карактеристики од кои зависи таа чувствителност. Чувствителноста на експлозивните материи не може да се дефинира точно затоа што не постојат показатели за квантитативно искажување. Ова е поради тоа што постојат многубројни фактори кои влијаат и од коишто зависи осетливоста, на пример: видот и интензитетот на импулсот, хемискиот состав на експлозивната материја, физичката структура на експлозивната материја, густината на експлозивната материја, влажноста на експлозивната материја, температурата на експлозивната материја, големината на кристалите во структурата на експлозивната материја и слично. За да се дојде до релативни параметри на осетливоста на експлозивната материја, во практика осетливоста се одредува експериментално. За секое експериментално одредување на осетливоста со оглед на видот и намената на експлозивните материи пропишани се стандардни методи, уреди и услови за вршење на експериментите. Истовремено, пропишани се и критериуми за оцена на осетливоста. Од гледна точка на практичната примена на експлозивните материи од интерес се осетливоста на топлотен импулс, на удар, на убод и триење, при напрегање на притисок, на дејство на иницијални експлозиви и на дејство од пешадиска муниција и слично. Експерименталните податоци за осетливоста обично се наоѓаат во документот за „атест“ за квалитетот на експлозивната материја која ја испорачува произведителот.
Во процесот на производство на експлозивните материи може да се влијае на осетливоста односно таа може да се регулира во пошироки граници и да се доведе во склад со реалните потреби. Ако некоја експлозивна материја треба да се направи осетлива, тогаш во процесот на производство се додаваат т.н. сензибилизатори кои ја зголемуваат осетливоста во согласност со видовите на импулси кои одговараат. Така, на пример, кај иницијалните каписли кои се иницираат со убод на игла во иницијалниот состав се додава стакло во прав кое ја зголемува осетливоста при триење. Како сензибилизатор може да се употреби и некој поосетлив експлозив во смеса со некој помалку осетлив експлозив. Меѓутоа, доколку некоја експлозивна материја треба да се направи помалку осетлива отколку што е осетлива во елементарна состојба тогаш на таквите експлозивни материи се додаваат т.н флегматизатори.
За флегматизација најчесто се користат растителни масла, глицерин, парафин, вазелин, разни природни и вештачки смоли па дури и некои експлозиви кои се малку осетливи на надворешните импулси како што е TNT. Од квалитетот и процентот на овие материи зависи генерално и степенот на флегматизација односно намалување на почетната осетливост. Флегматизацијата на експлозивните материи во пракса е многу повеќе применета од сензибилизацијата затоа што има помалку експлозивни материи кои треба да се направат поосетливи од тоа што се. Преголемата осетливост на експлозивните материи во првобитниот облик се смета како негативна карактеристика која ја имаат речиси сите високо бризантни експлозиви како што се: хексоген, октоген, тетрил, пентрит и слично. Денес техниката на флегматизација на експлозивните материи е развиена до тој степен што овозможува широка примена и на оние експлозиви кои се многу јаки, а чиј основен недостаток е природно големата осетливост на почетен импулс. Постапките за регулирање на осетливоста на експлозивните материи на почетни импулси се резултат на експериментални истражувања и изнаоѓање на оптимални решенија за правилна примена на експлозивните материи. Во наредните броеви на магазинот „Штит“ ќе следат содржини за стабилноста на експлозивните материи, како и за дејството на експлозиите на околната средина.

Славчо Кузманоски

# Јакнење на одбранбениот систем

Општинската организациона единица (ООЕ) на Тетово со која раководи резервниот поручник, м-р Радислав Коруноски, остварува значајни активности во континуитет во текот на калнедарската година.
Во духот на ваквите програмски определби, неодамна во Тетовскиот регион, по повод 70-годишнината од формирањето на ОРОРСМ и 30-годишнината од АРСМ, беше организиран кондиционо-едукативен марш.



Маршот, во должина од 10 км, на кој учествуваа 30-тина резервни офицери и подофицери од регионот, се реализираше на релацијата: Попова Шапка – Планинарски дом „Смрека“ – Планинарски дом „Јелак“.
Покрај ова, во Планинарскиот дом „Смрека“ беше оддржана свечена седница на Извршниот одбор на ООЕ Тетово во чија работа учествуваа и претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, командантот на гарнизонот во Тетово, потполковник Игор Станковски, заменик-началникот на СВР Тетово, Раде Јандриоски, претседателот на ОРОРСМ на Прилеп, Сашо Димовски, претседателот на Здружението на резервни воени обврзници од 2001 година Рубин Секулоски и претседателот на Општинскиот одбор на СЗБ од НОАВМ Јоцко Димитриески.
На седницата, на повеќе истакнати активисти и институции им беа врачени признанија (Плакета, Јубилејна значка и Благодарница) за нивната долгогодишна соработка и придонес во јакнењето на одбранбениот систем.

# Чествување

На 7 јули 2022 година, ООЕ на ОРОРСМ Радовиш, во соработка со Општинскиот одбор на СЗБ од НОАВМ. организираше полагање свежо цвеќе на спомен-обележјето на истакнатиот првоборец Дедо Дане Трајков на Пљачковица.
На ова чествување на кое учествуваше претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и претседателот на ООЕ на Радовиш, Атанас Иванов, учествуваа и претставници на ООЕ на ОРОРСМ од: Струмица, Берово – Пехчево и Виница.
Во оваа пригода, по повод 70-годишнината од основањето на ОРОРСМ и 30-годишнината од АРСМ, беа врачени признанија (Плакета,



Јубилејна значка и Благодарница), на општините Радовиш и Конче, како и на повеќе стопански субјекти за нивниот придонес во функционирањето и јакнењето на ООЕ на ОРОРСМ Радовиш.
Вакви признанија им беа доделени и на поранешните претседатели на ООЕ Радовиш.
На чинот на чествувањето присуствуваа и претставници на општинските одбори на СЗБ од НОАВМ од: Струмица, Берово и Неготино.

# Незаборав

На 1 јули 2022 година, претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и претседателот на ООЕ на ОРОРСМ Пробиштип, Злате Анчов, го посетија вечното почивалиште на проф. д-р Ристо Петков во Пробиштип, кој почина од последици на КОВИД-пандемијата на 20 март 2021 година.
Во знак на почит и незаборав, тие положија свежо цвеќе, а на семејството му врачија Плакета, што му беше доделена постхумно по повод 70-годишнината од постоењето на ОРОРСМ, за неговиот придонес во развојот и унапредувањето на Организацијата.
Ликот на проф. д-р Петков ќе остане во трајно паметење кај голем број активисти.



Како научен работник и општественик, во неговиот фокус беше проблематиката на безбедноста и одбраната, при што постојано трагаше и укажуваше на нови можности за поцелосен придонес на Организацијата во сферата на безбедноста и одбраната.
Во контекст на ова, како редовен соработник на весникот „Офицер“, тој објави повеќе научни и стручни трудови, кои со внимание беа проследувани од читателите.
Во изминатите 30 години тој даде посебно значаен белег во развојот на ОРОРСМ како активен субјект на одбранбениот систем.
Во два мандати беше потпретседател на Организацијата.

Живко Трајановски



# Алатка за пребарување текст на странски јазик

Разузнавачката заедница на САД сега има алатка која им овозможува на корисниците да пребаруваат преку текст на странски јазик.
Новата алатка е развиена од „Raytheon BBN Technologies“, во партнерство со Разузнавачката напредна истражувачка организација во Канцеларијата на директорот на Националното разузнавање на САД, која развива технологии за решавање на некои од најтешките проблеми на разузнавачката заедница. Во суштина, кога корисниците кои зборуваат англиски јазик, влегуваат во потрага по англискиот јазик, а програмата „гледа“ низ документи и снимки на странски јазик за да најде релевантни резултати, преведувајќи ги тие фрази назад на англиски јазик пред да им ги претстави резултатите назад на корисниците. Тоа е алатката „english-in, english-out" и компанијата тврди дека нејзиниот систем им овозможува на операторите да пребаруваат странски документи, да најдат резултати и да го разберат нивниот контекст и значење, без да мора да го зборуваат јазикот на којшто е напишан документот.
„Системот е дизајниран да може да се применува на кој било странски јазик", потврдува раководителот на програмата од „Raytheon BBN Technologies“. Нискоресурсните јазици претставуваат одреден предизвик за преземање и преведување на технологии поради недостаток на податоци за системите за обука.
„Raytheon BBN Technologies“ го исполнил тој предизвик, развивајќи техники за надминување на прашањето за ниски податоци и ги применил на систем „од крај до крај“, систем кој ги надминувал целите на програмата.
Решението на оваа програма е дел од програмата „IARPA's Machine Translation for English Retrieval of Information in Any Language“, лансирана во 2017 година. „Raytheon BBN Technologies“ е еден од четирите главни изведувачи кои го развија решението, вклучувајќи го Универзитетот „Џон Хопкинс“, Универзитетот „Колумбија“ и Институтот за информатички науки на Јужна Калифорнија.
„Алатките и техниките развиени во програмата ќе ја зајакнат нашата способност за пронаоѓање, испитување и анализа на содржините за странски јазик, без потреба од учење на јазикот", потврдува менаџерот на програмата за материјали на „IARPA“, Карл Рубино.
„Raytheon BBN Technologies“ не ја обелодени вредноста на договорот со „IARPA“, иако истакнува дека со оваа организација работи на решението веќе четири години.

м-р Зорица Стојкова



# Од небо во вода



Блиското минато бележи дека, покрај Армијата, за одбраната и безбедноста на македонската територија биле задолжени и Републичкиот штаб за цивилна заштита, тогашната милиција, како и Републичкиот штаб за територијална одбрана на СРМ. Долги години на раководниот врв на територијалната одбрана на СРМ беше генералот Тодор Атанасовски, признат воен старешина, стратег и визионер, не само во рамките на нашава републикава, туку и на просторот на поранешната југословенска држава.Во рамките на таквите стратешки, безбедносни и визионерски потфати, генералот Атанасовски, со својот професионален воен тим, а во соработка со активисти од аероклубовите, создадоа македонска падобранско-десантна единица како резервен состав на Штабот. Нејзиното формирање беше во насока на одбрана и заштита на македонската територија, но истовремен, со можност за укажување помош на унесреќени

Заштитата и одбраната на државната територија, како и помош или спасувањето на групи луѓе или поединци, е една од првенствените историски цели, норми и стратегии на сите драви. Во таа насока, некогаш и сега, сè уште се воспоставуваат различни пристапи за остварување на таквите цели, зависност од можностите, географските и релјефните поставености на секоја од нив

лица и простори во повеќе насоки. За одреден дел од ваквите активности досега направив некои извадоци од мојот аеродневник. Тие дадоа конкретен приказ на реализирани вежбовни или реални цели. Но, преостануваат уште многу такви и слични активности. Нешто, за кое што не пишував, а е забележано во мојот аеродневник, беа и падобранските скокови на вода.

Идејата за ваквиот вид скокови произлегува од богатата хидрографска мрежа, односно многубројноста на природните и вештачки езера со кои располага нашата држава, тогаш Република во федеративна држава. Колку и да ја збогатуваат природната релјефна и орографска убавина, водените површини, во одбранбена и заштитна смисла, можат да бидат и простори коишто создават услови за влез на надворешен непријател или каков било друг злонамерник. Исто така, тие може да предизвикаат и хидрографски проблеми, во смисла на загрозувачки зголемени водостои или поплави. Покрај тоа, на овие простори

можат да се случат и поголеми несакани бродски несреќи при кои е потребна сестрана помош. Тоа се само дел од несаканите случувања поради кои Резервната падобранска единица на Републичкиот штаб за територијална одбрана на СРМ имаше свои вежбовни активности и со скокови на вода. Во текот на осумдесеттите години на минатиот век, такви вежбовни, но и спортски активности, беа организирани на Охридскиот, на Дојранскиот и на Велешкиот регион и на други македонски природни и вештачки езерски простори. Споменав и спортски активности, затоа што Резервната единица на тогашниот РШТО на СРМ беше составена токму од најдобрите спортски падобранци, кои преку спортски манифестации и првенства ги зголемуваа своите знаења и вештини.
Падобранските скокови за овие цели се изведуваа, главно, со падобрани од типот „ПД – 07“ или „ПД – 08“ („ПД“ е ознака за десантен падобран). Во зависност од тоа за каква вежбовна активност се работело, се употребувале и соодветни авиони. За помал опфат на падобранци се користеа авиони од типот „Курир“, „Утва“, а подоцна и Вилга, кои носеа или од коишто скокаа по три падобрани. Првите авиони беа сопственост на Републичкиот воздухопловен центар при тогашниот Воздухопловен сојуз на Македонија, а авионите од типот „Вилга“ беа финансирани, главно, од РШТО на СРМ. За поголема десантна активност беа користени еден или повеќе авиони на стопанската авијација „Агрохемизација“ од Скопје. Тие авиони беа од типот „АН 2“ и овозможуваа простор за дванаесет падобрани со падобранска и лична опрема.
Падобранските скокови, зависно од целта, се реализираа поединечно или групно, а доскокот на водената површина мораше да биде на точно одредена цел или на повеќе разместени цели. Самите падобранци, пред сè, мораа да бидат добри пливачи, а потоа да располагаат и со извонредни вештини за одржување на вода, за спасување или за справување со поединци на кои би им била потребна помош. Повторно, во зависност од целта на скокот, падобранците со себе можеа да носат појаси за спасување, питка вода, лекови, ладно оружје или други потребни помагала и реквизити. Влегувањето во авионите, на овие вежбовни активности најчесто се спроведуваше на најблискиот „партизански“, спортски или

Падобранските скокови за овие цели главно се изведуваа, со падобрани од типот „ПД – 07“ или „ПД – 08“ (ПД е ознака за десантен падобран). Во зависност од тоа за каква вежбовна активност се работеше, се употребуваа и соодветни авиони. За помал опфат на падобрани се користеа авиони од типот „Курир“, „Утва“, а подоцна и „Вилга“, кои носеа или од коишто скокаа по три падобранци

сообраќаен аеродром, но се реализираа и од најблиски пригодни ливади или рамни земјани површини. При подготовката за соодветниот скок падобранците мораа да бидат соодветно облечени, главно гаќички за капење и лесна маичка. И овие скокови се изведуваа како и секој друг падобрански скок, со тоа што пред допирот на водената површина, во најголем број случаи, падобранецот се ослободува од падобранот и продолжува да плива или да се одржува на водената површина со понатамошно извршување на зададената цел.
Во најголем број од ваквите вежбовни активности беа вклучени и повеќе чамци, чунови, глисери и бродови, коишто подоцна ги собираа падобраните, давениците, непријателите и слично. Подоцна, смелите и умешни падобранци ги простираа своите падобрани на соодветно место за проветрување, сушење и повторна подготовка за следно користење.
Тоа беше уште една стратешка активност на македонскиот Резервен воен состав, овојпат падобрански, поврзана со одбраната и заштитата на сопствената територија, како и со можно укажување помош на поширокото население.
Овие активности останаа, исто така, запишани во мојот, не толку древен аеродневник.

Ѓорги Чачкиров







# Музеј на морнаричкото воздухопловство

Уникатноста на овој музеј е дека Музејот ви нуди доживување на историјата на „дофат на раката“. Посетителите можат без ограничување да ги допрат експонатите и со тоа да се допре дел од историјата во вистинска смисла на зборот, односно историјата ви е на дофат на раката. Друга карактеристика е дека во музејот работат околу 80 волонтери кои се ангажирани како водачи на тури низ музејот. Повеќето од нив се пензионирани припадници на морнарицата кои биле најчесто пилоти или дел од посада на некој носач на авиони, така што покрај објаснувањата за воздухопловите кои се изложени, најчесто добивате и доживувања кои се случување на овие пловечки градови. Самиот музеј е отворен во 1962 година. Просторот што го зафаќа музејот изнесува 180.000 м2 и е поделен на отворен и на затворен дел.
Пред самиот влез на Музејот ве пречекува авионот „F-14-Tomcat“, поставен на пиедестал кој во подножјето има споменик посветен на сите пилоти кои загинале летајќи на овој вид авион. Овој примерок, кој е изложен, всушност е првиот изложен „F-14-Tomcat“ од севкупно 92 изложени експонати од овој вид низ САД. На влезот од затворениот дел на музејот ве дочекуваат модели на неколку носачи на авиони изработени во различни размери и споменик на кои се прикажани 5 пилоти. Секој од нив претставува пилот од различна ера – Првата светска војна, Втората светска војна, војната во Кореја, во Виетнам и Заливска војна. Потоа се влегува во првиот дел т.е. во јужното крило, кој ги опишува почетоците и првите декади на морнаричката авијација. Во овој дел изложен е и првиот авион кој го има извршено прелетот преку Атлантскиот Океан низ етапи. Авионот „NC-4“, со кој е извршен овој повеќедневен лет, е оригиналниот авион т.е. не е реплика и воедно е единствениот примерок од овој тип на авиони во цел свет. Изложениот авион „FF-1“ (Fifi) е двокрилен авион произведен во 1930 година и исто така е единствениот останат примерок. Во овој сегмент е изложен и командниот модул кој го пренесувал 3 члена астронаутска посада составена комплетно од поранешни морнарички пилоти до некогашната вселенска станица „Skylab“, која орбитирала во период од 1973 до 1979 и е претходница на денешната Меѓународна вселенска станица. Интересен дел за разгледување е страничен пресек на двокрилецот „Curtiss JN-4D Jenny“ на кој може да се уочат системите за управување, составени од сајли и јажиња. Покрај овие интересни точки, во овој дел изложени се воздухопловите : „Sopwith Camel“, „F3F-2“, „BFC-2 Goshawk“, „RR-5 Tri-motor“, „Fokker D VII“, „SB2U-2 Vindicator“, „F4F-3 Wildcat“, „P-40B Tomahawk“, „F7U-3M Cutlass“, „F11F-1 Tiger“, „F4D-1 Skyray“ и други. Овој дел го комплетира и диорама во реална големина, посветена на учеството на Морнаричката авијација во Првата светска војна. Западното крило е следниот дел кој може да се разгледа во овој музеј и ги нуди следните интересни експонати: страничен пресек на трупот на хидроавионот „PBY-5 Catalina“ во кој се поставени кукли на работните места-позиции на посадата на авионот. Истиот овозможува подобар увид на самиот авион, на неговиот распоред во неколкучасовните мисии, како и на неговата комбинирана структура.
Авионот „PB2Y-5R Coronado“, којшто е изложен, е истиот авион кој ги има пренесено адмиралот Нимиц и неговите членови на церемонијата на потпишувањето на предавањето на Јапонија. Во овој дел е поставена и реплика од полетувачко-слетувачката палуба и командниот мост од носачот на авиони „USS Cabot“-CVL28. Особено е интересно дека ознаките за остварените победи кои

се отсликани на командниот мост се насликани од истиот морнар којшто во текот на војната ги има бојадисано на вистинскиот носач. На овој сегмент се поставени четири диорами. Првата е наречена „подводни богатства“ и претставува срушен „F4F Wildcat“ на дното на езерото Мичиген и ја покажува состојбата во која е пронајден. Втората диорама го претставува животот во САД за време на Втората светска војна. Третата диорама е „Островите во Пацификот“, која го отсликува начинот на функционирање на воздухопловните базите и нивното често дислоцирање диктирано од темпото на напредување на силите. Последната диорама во овој дел е брифинг собата на пилотите на  носач на авиони. Оваа диорама е исполнета со соодветни звучни и светлосни додатоци. Во западното крило се изложени и следните воздухоплови: контролна гондола од дирижаблот „L-8“, „ZPG-2 Snow bird“, „FH-1 Phantom“, „F2H-2P Banshee“, „TBM-3E Avenger“ кој ги носи ознаките на поранешниот претседател на САД, Џорџ Буш, „FG-1D Corsair“, „F6F-3 Hellcat, SBD-2 Dauntless“, „B-25J Mitchell“ и други. Делот кој ги спојува јужното и западното крило од музејот е наречен „Атриум сини ангели“. Тоа се четирите „A4-Skyhawk“ од акробатската аерогрупа „Blue Angels“, кои висат од покривот во препознатливата формација „дијамант“. Исто така, од покривот висат и два авиони за тренинг и за обука за време на Втората светска војна, „N2S-3 Kaydet“ и понапредниот авион „SNJ-5C Texan“. Следниот сегмент од музејот е наречен „Хангар еден“. Во овој дел се изложени авиони и хеликоптери од користени и произведени после Втората светска војна. Во овој дел е изложен последниот произведен „F-14 tomcat“, кој воедно го има направено и последниот борбен лет во февруари 2006 година над Ирак. До самиот авион е поставен отсечен преден дел од авионот (дел од носот) во кој посетителите можат да влезат и да го разгледаат. Авионот „F-4N Phantom II“, кој интензивно е користен во текот на војната во Виетнам и од страна на морнарицата, е изложен во неколку верзии во музејот. Едниот од нив, на 18 мај 1972 година има соборено северновиетнамски „MIG 19“ во блиска воздушна битка. Изложениот „A-7E Corsair II“ е ветеран на Виетнамската војна и, воедно, еден од авионите кои имаат учествувано во првиот напад за време на операцијата „Пустинската бура“ во 1991 година. Во овој дел на музејот е поставена диорама која ги опишува страдањата на заробените пилоти за време на Виетнамската војна. Останати авиони кои можат да се погледнат во овој дел се: „A-1H Skyraider“, RF-8G Crusader“, „HH-1K Iroquois“, „A-6E Intruder“, „O-1E Bird dog“,

Во поморската воздухопловна база Пенсикола (Pensacola), Флорида, во домот на една од најпознатите акробатски групи „Blue Angels“, сместен е Музејот на морнаричкото воздухопловство. Низ 4000 артефакти и преку 150 репарирани воздухоплови, Музејот има цел да го прикаже растот и развојот на морнаричката авијација, на маринското воздухопловство и на крајбрежната стража

„R4D-5L Skytrain“, „P2V-1 Neptune“, „RD-4 Dolphin, E-2C Hawkeye“, „S-3B Viking“, „AV-8C Harrier“ и други. Хеликоптерите „HO3S-1G“, „HH-52A Sea Guard, VH-3A Sea king“, кој се користи како претседателски хеликоптер, „SH-60B Seahawk“, „SH-2F Seasprite“, „AH-1W Super cobra“, „CH-46D Sea knight“ и други. Музејот има и надворешен дел од околу 50 летала, а од нив особено се истакнуваат моделите: „HH-3F Pelican“, кој е користен од страна на крајбрежната служба и има учествувано во неколку спасувачки мисии на цивили, но во мисијата за спасување на син и татко на 10 декември 1987 година. За оваа мисија посадата има добиено „Летачки крст“ – орден за посебни заслуги. Изложениот „CH-53D Sea Stallion“ е ветеран од војната во Авганистан. Авионот „F/A -18A Hornet“, е бојадисан и обележан со ознаките на „Blue Angel“. Авионот „T-38A Talon“, исто така е бојадисан и обележан со ознаките на школото „Топ ган “. Овој авион во 1970 година, за времето на Виетнамската војна, има срушено два непријателски авиони „MIG 17“.




Фактот дека музејот е сместен во истата база со акробатската група „Blue Angels“, овозможува посетителите секоја среда после тренинг-летовите да имаат средба со членовите и со пилотите од овој тим, да разговараат со нив, да се фотографираат и да земат нивни автограми. Посетителите можат да ја доживеат возбудата на летањето, блиска воздушна битка или акробатско летање низ посетата на еден од двата симулатори за летање кои се поставени во музејот. Овој вид на интеракција со посетителите е доста интересен за младите, но и за повозрасните посетители. Билетот за користење на симулаторите изнесува 20 $. Музејот честопати претставува локација за студиски патувања, организирани патувања, воени церемонии како и за други воени активности. Во внатрешноста на музејот е сместен и ресторан/бар каде може да се јаде и да се одмори во текот на разгледувањето на Музејот. Освен ресторанот, во склоп на Музејот има и продавница за најразлични сувенири, книги, играчки и слично. Продавницата, всушност, е и еден од начините на којшто се финансира овој музеј.
Работното време на Музејот е секој ден од 10.00 часот до 16.00 часот. Музејот е затворен за време на празници, од католички Божиќ до Нова година. Влезот во Музејот е бесплатен, но посетата на овој музеј е делумно ограничена, со оглед дека за да се влезе во музејот треба сте активен припадник на Вооружените сили на САД или на Министерството за одбрана т.е. да поседувате воена легитимација. Право на посета имаат и членовите на семејствата на активните припадници, пензионирани припадници на вооружените сили, како и воени ветерани. Воедно, активните воени лица може да внесат цивили, коишто тие лично ќе ги ескортираат. Музејот е мошне добро организиран за посета и истиот може да се разгледа за три до четири часа.

Златко Блажески



# Приказна за воениот брод „Бизмарк“ или воениот „Титаник“

Германскиот воен брод „Бизмарк“ е еден од најпознатите воени бродови од Втората светска војна и е најдобар во својата класа. Името го добил по германскиот канцелар од 19 век Ото фон Бизмарк , а станал познат по битката кај Данскиот Теснец (мај 1941 година), кога по потонувањето на предводникот и гордоста на Британската кралска морнарица - борбениот крстосувач „Худ“ (The Hood) , Черчил наредил: „Потонете го Бизмарк !“

Бизмарк“ бил еден од последните класични борбени бродови вооружени со топови и торпеда и е запаметен по храбриот, упорен отпор против неизмерно посилниот противник. Иако ерата на големите поморски битки одамна заврши, легендата за „Бизмарк“ и неговите морнари сè уште живее. Во своите епски размери, само бродот „Титаник“ има приказна којашто се споредува со бродот „Бизмарк“, без разлика што едниот бил патнички брод, а другиот воен. На почетокот на Втората светска војна, „Бизмарк“ бил вистински кошмар за Британците поради неговата големина и сила. Се чинело дека „Бизмарк“ е незапирлив и дека никој не може да му се спротивстави. Гордоста на британската кралска морнарица, бродот „Худ“, само малку помал од „Бизмарк“, бил испратен до дното со една ракета од Бизмарк.

Денес „Бизмарк“ лежи на дното на Атлантикот, на околу илјада километри западно од Брест во Франција, на длабочина од околу пет километри. Дали „Бизмарк“ потонал поради штетата предизвикана од британските бродови или поради тоа што Германците, соочени со неизбежен пораз и заробување, намерно го потопиле? Сомнежот бил поттикнат од бројни експедиции кои го посетиле потонатиот брод, откривајќи дека обемот на штетата на „Бизмарк“ е помала отколку претходно се веруваше и дека потонатиот брод е во релативно добра состојба (местото на потонувањето на „Бизмарк“ првпат било идентификувано од Роберт Балард, во 1989 година).

Се верува дека и покрај низата удари, „Бизмарк“ сепак можел да плови, но дека намерно бил уништен однатре за да не биде подложен на понижувачко влечење кон британските пристаништа.

Изградбата на „Бизмарк“ започнала во 1936 година во Хамбург и бил пуштен во употреба во 1939 година. „Бизмарк“ е во оперативна употреба на германската морнарица од 1940 година, кога свечено било подигнато военото знаме. Со своите 50.900 тони и 226 метри (двојно потешки и едвај пократки од „Титаник“), со 12 генератори на пареа, три турбини и 138.000 коњски сили, „Бизмарк“ стана легенда уште пред да заплови. Тој бил најголемиот, најдобро вооружениот, најтешко оклопниот и најопасниот воен брод во своето време. Поттикнати од почетните успеси на војната на отворено море (над 20 бродови потонати и заробени), германските адмирали ја започнале операцијата „Rheinübung“ („Вежба на Рајна“), пролетта 1941 година, со намера целосно да ги прекинат рутите на британскиот конвој на Северниот Атлантик. За извршување на оваа задача, била формирана специјална борбена група од четири големи бродови: „Бизмарк“, „Тирпиц“,

„Шарнхорст” и „Гнајзенау”. Во тоа време британските конвои почнале да примаат многу посилна придружба на воени бродови, така што нивното пресретнување станувало сè потешко и поопасно. Намерата на Германците била „Бизмарк“, како најголем воен брод во тоа време, да ги елиминира и избрка сојузничките разурнувачи и крстосувачи, а во исто време другите германски бродови рутински да потонуваат незаштитени товарни бродови. Сепак, планот наишол на потешкотии на самиот почеток бидејќи не било можно да се комплетира групата. Некои заради неискусни или некомплетни екипажи, некои заради итни поправки на бродовите по британските воздушни напади.
На крајот, поморската команда ангажирала само два достапни брода: „Бизмарк“ и „Принц Еуген“ со капетаните Ернст Линдеман и Хелмут Бринкман и со адмиралот Гинтер Литјенс на чело. Овие два брода исповиле од Готенхафен (денешен град во Полска) на 18 мај 1941 година. Дури следниот ден адмиралот Литјенс го информирал екипажот за природата на нивната мисија на Северниот Атлантик. Голем број рибарски чамци го забележале движењето на „Бизмарк“ додека бил во Категат, дел од морето меѓу Данска и Шведска, на 20 мај. Не поминало многу време, а Британците преку своето воено аташе во Стокхолм веќе имале информации дека кон Атлантикот се упатуваат два големи германски брода, проследени со група разурнувачи. Британците веќе ја имаа точната локација на „Бизмарк“ на 21 мај ,кога „Спитфајр“ на Британската крајбрежна команда го забележа во водите западно од Берген (Норвешка). Ќе испадне дека ова рано откривање на германската флота практично ја одреди понатамошната судбина на „Бизмарк“. Британците не губеле време и брзо собрале флота предводена од вицеадмиралот Ланселот Холанд, со задача да го следат движењето на германските бродови. Флотата го вклучуваше крстосувачот Худ со депласман од 48.400 тони, гордост на Британската морнарица и повеќе од 20 години пред „Бизмарк“, најголемиот воен брод во светот, „Принцот од Велс“ од 44.400 тони и шест помали бродови. По неколку рунди, утрото на 24 мај се случува жесток конфликт во водите меѓу Исланд и Гренланд. Во меѓусебното маневрирање и размена на оган, Германците биле попрецизни: еден проектил испукан од „Бизмарк“ од далечина од околу 16 километри го погодил „Худ“ токму во складиштето за муниција и предизвикал страшна експлозија која буквално го разнела бродот кој потонал за само три минути. Од 1418 членови на екипажот, само тројца преживеале. Бил погоден и „Принцот од Велс“, четири пати од „Бизмарк“ и уште три пати од „Принц Еуген“, од ударот на командниот мост го загубил речиси целиот команден персонал и многу морнари, но успеал да побегне. На германска страна „Принц Еуген“ помина, така да се каже, без гребнатинка, но „Бизмарк“ беше трипати погоден од пристаништето. Два проектили експлодираа на дното на бродот, по што околу 2000 тони вода влегле во бродот, блокирајќи над 1.000 тони гориво, додека третиот проектил само прелетал низ трупот, оставајќи дупка во него со дијаметар од еден и половина метри. Бродот се спуштил напред и до пристаништето, предизвикувајќи врвовите на пропелерот трајно да бидат надвор од водата. Покрај тоа, „Бизмарк“ го зачувал маневрирањето, доволно големата брзина и огнениот потенцијал. Адмиралот Литјенс тогаш го направил она што е веројатно клучна грешка: наместо да го гони и докрајчи „Принцот од Велс“, а потоа да се врати во Трондхајм или во Берген на поправки, Литјенс решава да го сврти „Бизмарк“ кон многу пооддалечениот Брест во окупирана Франција.
Со оглед на тоа што „Принц Еуген“ останал недопрен, Литјенс решил да го одвои од „Бизмарк“ и да го испрати да лови непријателски конвои по сопствена дискреција. Во исто време,



Несреќата на „Бизмарк“ ја преживеале околу 800 морнари, додека останатите биле повлечени на дното на морето, заедно со трупот на бродот. Британците не сакаале да ризикуваат напад на германските подморници, останувајќи подолго на местото на престрелката и набрзина собрале само мал број луѓе од водата. Од вкупно 2200 морнари и офицери, само 115 останале живи. Просечната возраст на екипажот била само 20 години



британските бродови „Сафолк“ и „Норфолк“ продолжиле да го чуваат „Бизмарк“ „во сендвич“, следејќи ги неговите движења од безбедно растојание. На самиот брод „Бизмарк“, ситуацијата со гориво станувала сè потешка, бродот морал да забави за да заштеди гориво за да ги зачува шансите да стигне до францускиот брег. Ова им овозможило на Британците да се консолидираат и да ги соберат расфрланите бродови за контранапад на „Бизмарк“. Во потерата се вклучил и носачот на авиони „Викториус“ со девет торпедни авиони „Swordfish“. И покрај фактот дека овие авиони биле мошне застарени, едно од фрлените торпеда го погодило „Бизмарк“ во десната страна и ги нанел првите човечки жртви. „Бизмарк“ морал дополнително да забави за неопходните поправки, што им овозможило на британските сили да го намалат растојанието и почесто да ги напаѓаат Германците со повремени артилериски дејства. Сепак, ниту Британците не можеле да пловат со максимална брзина, со оглед на тоа што постојано пловеле во цик-цак линија во страв од германските подморници. „Бизмарк“ ја искористил оваа околност и под превезот на ноќта успеал да им побегне на гонителите. Борбениот морал на германските морнари тоа утро бил на највисоко ниво. Во еуфорична атмосфера, екипажот преку разгласот на бродот му честитал на капетанот Литјенс. Честитката пристигнала и од самиот Хитлер. Обземен од емоции, Литјенсв го собрал екипажот и одржал возвишен говор: „Војници на „Бизмарк, вие веќе стекнавте голема слава. Потонувањето на воениот брод Худ за нас има големо морално значење бидејќи Худ беше гордост на Британија. Непријателот сега ќе се обиде да ги собере своите сили и да ни наметне решавачка битка. Ќе пукаме додека не се загреат

**Според меѓународните закони, потонатиот брод „Бизмарк“ во меѓународните води сè уште е во сопственост на Германија и има статус на воени гробишта коишто не смеат да се скрнават**

топовските цевки, додека не се испука и последното зрно. Германската нација е со нас. Нашиот борбен повик од сега па натаму е победа или смрт!“ Британците оствариле визуелен контакт со „Бизмарк“ дури следната вечер, од лесниот крстосувач Шефилд. Веднаш штом била идентификувана позицијата на непријателот, плашејќи се дека непријателот повторно ќе се изгуби во мракот, Британците решиле да ги искористат сите свои сили за одлучувачки напад, користејќи го и носачот на авиони со торпеда „Arc Royal“. Последниот удар започнал на 26 мај во 20:47 часот. „Бизмарк“, набрзо, двапати бил погоден од торпеда фрлени директно од авионот „Arc Royal“. Првиот удар направил незначителна штета, но вториот удрил во крмата и целосно го онеспособила кормилото. Штетата била толку сериозна што Литјенс испратил телеграма до неговата команда во 21:40 часот: „Бродот повеќе не може да маневрира. Ќе се бориме до последен здив“. Во текот на целата ноќ британски бродови во бранови го напаѓале „Бизмарк“. Многу плотуни биле испукани по случаен избор од двете страни бидејќи временските услови биле лоши, а морето немирно. Тешко оштетениот „Бизмарк“ повеќе не можел да им избега на своите гонители, чиј број постојано се зголемувал, но сепак пружал отпор, одбивајќи да го подигне белото знаме. Литјенс бил свесен дека е само прашање на часови кога најтешките британски бродови ќе се приклучат на битката и со тоа ќе го променат нејзиниот исход. Следниот ден, 27 Мај, во 8:30 часот пристигнал воениот брод „Кинг Џорџ“, брод од (44.400 тони), а потоа „Родни“ (41.000 тони), „Норфолк“ (13.400 тони), „Дорсетшир“ (13.400 тони).и многу придружни бродови. Било јасно дека „Бизмарк“ е во сосема безизлезна ситуација, сам против два воени брода и два тешки крстосувачи. Во следниот час, сите топови на „Бизмарк“ биле оневозможени од артилериски удари и бродот почнал да личи на глинен гулаб кон кој се пукало неселективно од сите калибри и од сите страни. Се чини дека во тие моменти капетанот Линдеман дал наредба да се онеспособи бродот и да се напушти, иако за тоа нема материјални докази. Последните удари на веќе целосно урнатиот „Бизмарк“ биле зададени од мала оддалеченост од неколку километри, од која практично било невозможно да се промаши, ниту со топови, ниту со торпеда. Бродот толку многу се навалил што водата ги поплавила палубите, структурните оштетувања биле видливи од голема далечина, местата на ударот изгледале како вистински масакр, а многу морнари спасот го барале со скокање во морето. За помалку од еден час биле истрелани околу 3.000 артилериски гранати кон „Бизмарк“, од кои најмалку неколку стотини ја погодиле целта, особено во последната фаза кога бродот останал неподвижен и без одбрана. Според бројот на погодоци што ги издржал „Бизмарк“ пред да оди на дното засекогаш во 10:39 на 27 мај, нема конкуренти во целата поморска историја. Само малку помалиот британски „Худ“ потонал за три минути, додека „Бизмарк“ со часови се спротивставувал, и на крајот потонал со борбеното знаме кое сè уште пркосно се веело на главниот јарбол.

Зоран Костоски








# 80 години од смртта на народниот херој Цветан Димов

Цветан Димов, познат меѓу народот како Целе Чаирчанец, е македонски комунист, синдикалец и учесник во НОБ. Заедно со Орце Николов, бил еден од најистакнатите организатори на работничкото и комунистичкото движење во Скопје помеѓу двете светски војни. По ослободувањето, на 26 јули 1945 г., Цветан Димов е прогласен за народен херој на Југославија

Цветан Димов е роден на 5 март 1910 г. во сиромашно скопско семејство кое живеело во Чаир. Основното образование го започнал во Скопје, но морал да го напушти и да изучува занает. Започнал да работи како чирак кај различни мајстори. Набрзо по станувањето калфа, Цветан запознал некој синдикален белградски активист. Од него Димов дознал дека работниците во другите градови се организирале во синдикати за да ги бараат своите работнички права. Од човекот добил разни летоци, брошури и книги. Одреден дел од овој период на неговиот живот Димов го поминал во Кленовиќ, каде што се лечел од туберкулоза. По враќањето од лекување, Димов поактивно и поинтензивно започнал да контактира и да соработува со истакнати револуционери, како што бил на пример Кочо Рацин. Пред Втората светска војна работел како шивач и истакнат работнички организатор во Скопје. Во 1926 г. е примен за член во СКОЈ, од 1928 година бил синдикален активист, а во 1933 година станал член на КПЈ. Тој се покажал како добар организатор и како еден од иницијаторите за основање на КУД „Абрашевиќ", во кое членувале видни граѓани, студенти и работници.
Во тој предвоен период се разгорила Шпанската граѓанска војна и Димов бил цврсто решен да се пријави како борец. во таа војна. Сепак, неговите најблиски другари и кревкото здравје го спречиле да замине за Шпанија. Во 1936 година Димов станал член на Меѓуструковиот синдикален одбор на Скопје, а во 1939 година станал член на Месниот комитет на КПЈ, на Покраинскиот комитет на КПЈ во Македонија и секретар на Покраинскиот одбор на Црвената помош (1939 г.). Како член на партиските органи, Димов добивал поголем број задачи, што ги исполнувал успешно и конспиративно. Во очите на власта, Димов бил голем непријател и борец против власта. Сепак, тој не застанал со своите активности, па така, организирал големи протести против изборите во Југославија. Тие протести биле посетени од илјадници работници. Неговата активна ангажираност сè повеќе го привлекувала вниманието на полицијата. Тие безуспешно го барале за да го уапсат. Тој успеал тајно да ја префрли на Водно печатницата што ја имале во Сингелиќ, а полицијата не успеала да дознае ни за подготовките за мартовските протести во 1941 г. По окупацијата на Македонија, Цветан Димов станува еден од најголемите поборници за вооружена борба против окупаторот.
Како секретар на МК на КПЈ во Скопје (од почетокот на 1942 г.), работел на формирањето на Вториот скопски партизански одред , формиран на 17 април 1942 година. Кон крајот на мај 1942 година влегува во составот на Привремениот покраински комитет на КПЈ за Македонија. Набрзо, во почеток на јули, после една провала, тој бил уапсен. По тешки измачувања, бил фрлен од прозорецот од четвртиот кат на Обласната бугарска полициска управа во Скопје од страна на Љубомир Јорданов, началник на групата „А" на државната безбедност во Обласната полициска управа. Набрзо починал во бессознание во затворското одделение на скопската болница. Бугарската полиција лажно кажала дека Димов се „самоубил". Уште во текот на НОБ е испеана песна во негова чест, а денес, во негова чест, едно основно училиште и едно средно училиште во Чаир го носат неговото име. Во 1968 година куќата во Чаир на улица „Јајце", во којашто живеел и работел Цветан Димов, била прогласена за културно наследство,, но денес за жал оваа куќа повеќе не постои. Цветан Димов е прогласен за народен херој на 29 јули 1945 година. Името на народниот херој Цветан Димов е запишано со златни букви во македонската историја. На 9 јули оваа година се навршија точно 80 години од неговата смрт. Неговото револуционерно дело претставува светол патоказ за сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Јан Матејко, полски култен сликар на националната историја

Јан Матејко како мошне млад бил сведок на револуцијата во Краков од 1846 година и на опсадата на Краков во 1848 година од страна на Австријците, два настани кои ставиле крај на „слободниот град“ Краков. Двајца од неговите постари браќа служеле во двата вооружени конфликти, под водство на генералот Јозеф Бем. Едниот умрел, а другиот бил принуден на егзил. Матејко ја посетувал гимназијата „Сент Ана“, но се откажал во 1851 година поради слаби оценки. Матејко покажал ран уметнички талент, но имал големи тешкотии со другите предмети. Тој никогаш целосно не го совладал странскиот јазик. И покрај тоа, поради неговата исклучителна вештина, на четиринаесетгодишна возраст влегол на Факултетот за ликовни уметности во Краков, каде што бил современик на Артур Гротгер од 1852 до 1858 година. Неговите учители биле Војчех Корнели Статлер и Владислав Лушчкевич. Тој се определил за историско сликарство како негова специјалност, и го завршил своето прво големо дело – , „Шујските цареви пред Зигмунт III“ во 1853 година (тој ќе се врати на оваа тема една година пред неговата смрт, во 1892 година). Во тоа време, тој почнал да изложува историски слики во Друштвото на пријатели на ликовната уметност во Краков. По дипломирањето во 1859 година, Матејко добил стипендија за студирање со Херман Аншут на Академијата за ликовни уметности во Минхен. Следната година добил дополнителна стипендија за студирање на Академијата за ликовни уметности во Виена, но по само неколку дена и голема кавга со Кристијан Рубен, Матејко се враќа во родниот Краков и основал студио во неговата семејна куќа на улицата Флоријанска. Поминале години пред да дојде до некаков комерцијален успех, борејќи се како „прегладнет уметник“ кој најпосле се прослави во моментот кога успева да го продаде делото „Шујските цареви“ за пет ѓулдени. Во 1860 година,





наспроти огромната културна ерозија во поделена Полска, Матејко објавил илустриран албум, „Облека во Полска“ , проект кој го одразува неговиот интензивен интерес за историскиот запис на неговата нација и неговата желба да го промовира меѓу полскиот народ и така да го поттикне патриотизмот. Неговата финансиска состојба се подобрила кога продал две слики, „Убиството на Ваповски за време на крунисувањето на Анри де Валоа“ (1861) и „Јан Кочановски над телото на неговата ќерка Урзулка“, со што се подмириле неговите долгови. Овој период очигледно означува прекретница во уметноста на Матејко, каде тој се трансформира од обичен илустратор на историјата во коментатор на нејзината морална содржина.
За време на јануарското востание од 1863 година, во кое не учествувал директно поради неговата лоша здравствена состојба, Матејко финансиски го поддржал донирањето на поголемиот дел од своите заштеди за каузата и лично транспортирање на оружје во логорот на востаниците.
После 1865 година, меѓународното признание на Матејко расте. Неговата „Проповед на Скарга“ беше наградена созлатен медал на парискиот салон во 1865 година, што го натера грофот Мориси Потоцки да ја купи за 10.000 гулдени. Во 1867 година, неговата слика „Рејтан“ беше наградена со златен медал на Светската изложба во Париз и беше купена од императорот Франц Јозеф I од Австрија за 50.000 франци.
Во 1872 година, за време на една изложба во Прага, му е понудено да биде директор на Прашката академија за ликовни уметности, но истовремено следела слична понуда од Краковската школа за ликовни уметности која тој ја прифатил и долги години бил нејзин ректор.
Во 1874 година, тој го завршил „Бесењето на ѕвоното Сигизмунд“. Во 1878 година, тој направи уште едно ремек дело, „Битката кај Грунвалд“. Таа година тој добил „Почесен голем златен“ медал во Париз, додека градскиот совет на Краков му врачил церемонијален жезол, како симбол на неговиот „кралски статус во ликовната уметност“.Во 1879 година ја слика „Година 1863 – Полонија“, неговиот приказ на јануарското востание започнато во 1864 година. Додека востанието опаѓало, ова платно останува напуштено неколку години, можеби поради загубата на неколку блиски пријатели и членови на семејството во конфликтот. Потоа таа слика пропаднала и недовршена го предизвикува принцот Владислав Чарториски да ја поседува. До денес таа слика се смета за недовршена.
Матејко боледувал од пептичен улкус и починал во Краков на 1 ноември од внатрешно крварење. Неговиот погреб на 5 ноември привлекол голем број луѓе, а неговата смрт беше вест во најмалку триесет и два европски весници. Бил погребан на гробиштата Раковицки во Краков.
Тој се вбројува меѓу најзначајните полски сликари, а многумина го сметаат за „најголем сликар на историјата на Полска“ или како „култна фигура за нацијата во целина, затоа што успева да ја пропагира полската историја и да го негува сеќавањето на некогашната историска држава изгубена во светот, додека неговата земја останала расцепкана помеѓу три цивилизирани европски сили кои на своите полски домородци не им давале изгледи за политичко самоопределување. Неговите слики биле предмет на цензура во Руската Империја. Нацистичка Германија планирала да ги уништи и „Битката кај Грунвалд“ и „Пруската почит“, од причина што властите ги сметале за навреда против германскиот поглед на историјата. Тие беа дел од многуте полски слики и уметност што Германците планираа да ги уништат во нивната војна против полската култура, но полскиот отпор успешно успеал да ги сокрие и двете слики.

Јан Матејко е најимпозантниот полски сликар во 19 век. Роден е во „слободниот град“ Краков на 24 јуни 1838 година, каде што и го поминал најголемиот дел од својот живот

Трајче Чатмов





# „Топ ган: Маверик“

Топ ган“ е белег за кинематографијата на едно минато време. Изненадувачки, 36 години подоцна, овој филмски хит го доби своето продолжение, враќајќи дел од оригиналната актерска екипа на големото платно, за да нѐ потсетат на елитната единица воени пилоти на американската армија. Најодликуваниот меѓу нив, Пит Мичел, познат како Маверик, со 35-годишно искуство зад него, најдобриот меѓу најдобрите, во ера кога морнарицата се модернизира со имплеметирање на нови технологии, методи и принципи на работа, е ставен во ситуација да ја докаже вредноста на „старата школа“. Оваа мисија, која речиси е невозможна, е идеална ситуација да се направи тоа. Но, дали за пилот како Маверик навистина постои нешто невозможно?

## Невозможната мисија

„Топ ган: Маверик“ започнува со сцена која нѐ потсетува кој е всушност Маверик. Три и пол децении постар, но, ниту дел од неговиот карактер не е загубен во времето – сѐ уште неверојатно храбар, сѐ уште посветен на поместување на границите и помалку арогантен во своето однесување. Токму таа ароганција, непредвидливост и непочитување на правилата, го „замрзнала“ неговиот напредок на чинот капетан. Маверик веќе не е оперативец. Тој е тест-пилот на програма која развива прототип на летало наменето да лета со висока хиперсонична брзина, позната под името „Даркстар“. Но, финансиите за „Даркстар“ треба да бидат прекинати бидејќи доаѓа нова ера во воената авијација – беспилотни летала, дронови. Адмиралот Честер Хамер Кејн (Ед Харис), доаѓа лично да му ја соопшти веста на Маверик дека неговата пилотска кариера е завршена, но, пилотот има „ангел-чувар“ кој постојано го чува неговиот грб. Тој ангел-чувар е неговиот пријател Том Ајсмен Казански (Вал Килмер), кој е командир на Пацифичката флота на армијата на САД и го повикува Маверик во базата во Сан Диего. Но, поканата има неочекуван мотив. Додека Маверик се надева дека ќе пилотира во најавената класифицирана мисија, неговата задача е замислена поинаку - тој не е поканет да учествува директно во мисијата како пилот, туку да ги обучи шестмината најдобри пилоти од програмата „Топ Ган“ за исклучително краток рок да бидат подготвени успешно да го уништат погонот за нуклеарно оружје на неименувана локација. Проблемот е што погонот се наоѓа на крајот од еден долг кањон, под силно обезбедување на ракетен систем, софистицирани авиони ловци и сензори, покрај кои е речиси невозможно да се



помине. Совладувањето на пречките бара голема прецизност, брзина, способност за маневрирање и храброст, а веројатноста да се преживее мисијата е мала. Иако на располагање се надобрите пилоти од програмата „Топ ган“, мисијата, сепак бара вештини кои во тој момент човек со искуство како Маверик ги поседува.

## Обучување на пилотите

Со големо негодување, но свесен дека ова може да е последната задача во армијата, Пит Мичел ја прифаќа улогата на обучувач на младите пилоти од програмата „Топ ган“, откажувајќи се од идејата дека токму тој ќе биде оперативецот во истата. Тој не е конвенционален учител, напротив, тој влегува во низа конфикти со адмиралот Симпсон кој ја раководи мисијата поради неговите нестандардни методи на подучување кои се косат со сите книги и напишани процедури од страна на армијата. Маверик знае дека силата на пилотите е во нивната глава, нивниот дух и тимското однесување и токму тој дел се обидува да им го зајакне и да го спои со нивните вештини. Но, тука има дополнителен проблем – во тимот е и Рустер, синот на Гус, партнерот на Маверик кој загинал во трагична несреќа години наназад. Рустер го обвинува токму него за смртта на неговиот татко, но и за испречување на патот на неговата пилотска кариера и помеѓу двајцата постои голема тензија која се заканува да биде пречка во обуката. Маверик знае дека мисијата е тешка, дека обучување на шестмина пилоти за толку кратко време е голем предизвик, но, знае и дека е возможно. Токму тоа го докажува и самиот, реализирајќи рута која ја симулира патеката до целта. Иако е далеку постар од нив, неговите вештини се неприкосновени. Учителот станува капетан на мисијата и во последен момент се одлучува дека тој ќе биде еден од шестмината пилоти бидејќи без тоа мисијата е осудена на пропаст. Но, неговата лична мисија не е само да се уништи погонот за нуклеарно оружје, туку и да се вратат овие луѓе дома, особено затоа што Рустер е еден од останатите петмина, а неговата безбедност Маверик им ја должи и на покојниот пријател Гус и на неговата сопруга.



## Филм со фантастични специјални ефекти

Најавен уште во 2010 година, филмот го следеа многу настани кои го одложуваа неговото снимање или премиера. Три години по неговата најава се случи самоубиството на Тони Скот, кој требаше да го режира продолжението, исто како и првиот дел, а премиерата пак беше одложена поради избувнувањето на пандемијата „COVID-19“ . Најавите соопштуваа дека фокусот на филмот ќе биде токму на модерното војување, кое ги прави пилотите повеќе да не бидат потребни и на употребата на дроновите и крајот на борбата „пилот против пилот“, како и дека Маверик ќе има помала улога во истиот.
За снимањето на филмот се користени два типа на авиони, едноседот „F/A-18E“ и двоседот „F/A-18F“, изнајмени од армијата, додека реалните снимки, пак, се направени со леталото од типот „Аеро Л-39 Албатрос“ со прикачена камера на носот. За екстерните снимки се користени едноседите управувани од вистински армиски пилоти, додека за сцените со актерите во пилотската кабина (кокпитот) се користени двоседите, каде што на предното седиште е вистински пилот, додека актерите се сместени на задното. Имајќи предвид дека немало место за сниматеп во самиот авион, актерите имале тримесечен брз курс за да научат основи за управување со камера, бидејќи сите снимки на пилотирање зависеле од нив и на некој начин, самите ги режирале. Филмот е снимен во IMAX-формат и целата идеја на екипата била да ја пренесат атмосферата на гледачите – автентичноста, брзината, гравитационите сили при летањето.
Вкупното времетраење на снимките било над 800 часа, што ја надминува дури и бројката на снимен материјал за трилогијата „Господар на прстените“.
Филмот многу брзо наиде на позитивни критики и честопати е оценет и повисоко од неговиот претходник.
Американската забавна (мултимедијална) индустрија и Департментот за одбрана на САД имаат често заеднички соработки. Сите филмови кои се направени со заемна соработка подразбираат опремата и ресурсите на одбраната да се користат со цел создавање на мултимедијални содржини за широка публика, но истовремено Депатментот за одбрана има глас во содржината на програмите, посебно во делот на сценаријата. Досега, над 400 филмови се продуцирани под спонзорство на Департментот за одбрана на САД.
Бидејќи големите стриминг-платформи не успеаја да добијат лиценци за емитување на „Топ ган: Маверик“, засега филмот може да се погледне само во кино салите. Во секој случај, станува збор за навистина квалитетно филмско издание кое дефинитивно не треба да го пропуштите.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Joseph Kosinsky

**Улоги:** Tom Cruise, Jennifer Connelly, Miles Teller, Val Kilmer, Jon Hamm, Ed Harris

**Сценарио:** Ehren Kruger, Eric Warren Singer, Christopher McQuarrie

**Кинематографија:** Claudio Miranda

**Монтажа:** Eddie Hamilton

**Музика:** Hans Zimmer, Lady Gaga, Lorne Balfe

**Земја:** САД

**Времетраење:** 131 минута

**Година:** 2022



# Дебарското Езеро – природен

Дебарското Езеро, или Шпиље, се наоѓа во западниот дел на Македонија, во близина на македонско-албанската граница, јужно од Дебар, на местото каде што Радика се влева во реката Црн Дрим.
Дебарското Езеро е најбогато со вода од сите вештачки езера во земјава, а максималната температура на водата е 23,9°C.
Доколку сакате да ја посетите оваа околина и да уживате на чист воздух, без многу гужва, летово може да уживате на плажа и на Дебарското Езеро, со прекрасно проѕирно синило.
За Дебарското Езеро со природниот пејзаж ретко кој би помислил дека е вештачко езеро. Има површина од 13,2 км², 92 м длабочина и надморска височина од 580 метри. Се користи како акумулација за ХЕ „Шпиље“.
Дебарското Езеро е омилено езеро меѓу риболовците, и од нашите и од соседните земји. Во близина на источниот брег на Дебарското Езеро се наоѓа Дебарскиот Остров.
Во близина на дебарските села Бањиште и Долно Косоврасти се наоѓаат познатите дебарски бањи „Цапа“, уште попознати како Бања „Бањиште“ и Бања „Косоврасти“. Водата во овие центари е термоминерална, со оптимална температура од 38 степени Целзиусови. Според досегашните истражувања, водата која извира во близина на дебарската бања „Цапа“, според нејзината лековитост е пласирана на прво место во светот. Бањата „Косоврасти“ има најбогата сулфурна вода во Европа со температура од плус 40 степени Целзиусови. Покрај бањско лекување, бањскиот комплекс нуди можност за рехабилитација и релаксација.
На два километри од Дебар се наоѓа Манастирот „Свети Георгиј Победоносец“, потоа Рајчички манастир, кој има преубав поглед кон Дебарското Езеро. Манастирот датира од XVIII век. Централниот манастирски храм, којшто е посветен на Свети Георгиј, е изграден во 1835 година и денес во него се чува честица од крстот на кој бил распнат Спасителот, Господ Исус Христос и дел од раката на Свети Георгиј, којашто во манастирот е донесена во ноември 2003 година од Света Гора. Во храмот, исто така, има и резбан иконостас.

Кристина Илиевска



# н пејзаж со проѕирно синило








